МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

СТУДЕНТ: **ВЕЉАН ГЕОРГИЕВСКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС: 1581049
МЕНТОР: **ПРОФ.Д-Р АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ**

Свети Николе, 2021

АПСТРАКТ

Нашиот закон, како предмет на нематеријална штета ги определува вредностите, кои по својата природа се духовни, психички, апстрактни, а со тоа и тешко одредливи и ги опфатил со општиот правен израз „правичен паричен надоместок“, кој се досудува како надомест на нематеријална штета.

Нематеријалната штета, согласно Законот за облигационите односи, претставува штета предизвикана со повреда на личните права. При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Зголемениот ризик од предизвикување штета при користење моторни возила во сообраќајот го определи законодавецот, кој ги регулира правилата за надомест на штета во оваа област на специфичен начин. Во поновите промени во 2020 година (пречистен текст), не се направени значајни промени во делот на нематеријална штета и тие одредби од ЗОО немаат претрпени битни измени, во суштина сумирани во ЗОО, со тоа што е изменето името, па од застареност на побарувањето премина само во застареност.

Клучни зборови: Нематеријална штета, Закон за облигациони односи, надомест, лични права

СОДРЖИНА

1.ВОВЕД.....6

1.2. Нематеријалната штета во нашето право.....10

2. Нематеријална штета во компарација со Европското право.....16

3. Нематеријална штета во компарација со право на САД…….....31

3.1.Општ принцип на одредување на нематеријалната штета.....33

3.2.Поправање на нематеријална штета.....35

3.3 Барање за престанок на повреда на правата на личноста.....36

4.Душевна болка и нематеријална штета…….....38

4.1.Критериум и начин за утврдување на надоместот за нематеријална штета - душевна болка.....54

5.Нематеријална штета во сообраќајот.....58

6.Застареност на правото кај нематеријална штета.....69

7.ЗАКЛУЧОК.....81

8.ЛИТЕРАТУРА.....89

Цел на магистерскиот труд

Со цел да се претстави генерална слика за специфичноста на нематеријалната штета и нејзиниот надомест, во овај труд се опфаќаат сите страни на претставувањето и објективизацијата на надоместоците на нематеријалната штета, ставајќи акцент на тоа дека секој човек различно и индивидуално реагира на болка, односно страв од несреќа.

Во склоп на тоа се дава осврт и кон дадените услови под кои услови се случила несреќата. Посебен осврт се прави на нематеријалната штета, во компарација со Европското право, како и правото на САД.

Наведени и добро анализирани примери од Судската пракса сѐ со цел за да се добие целосна претстава на функционирањето на правниот систем во Република Македонија во однос на нематеријалната штета.

1.ВОВЕД

За надоместот на нематеријалната штета како правен институт во нашиот правен систем постои богата судска пракса. И покрај тоа, потребата да се анализира судската пракса со цел да се унапреди правната мисла е условена од фактот што на судовите и судството во целина, овој институт им носи „еден товар“, бидејќи странките во овие спорови, често без основа, им препишуваат субјективност и ја доведуваат во прашање непристрасноста на судот. Ова е така поради едноставното прашање: „Може ли објективно во пари да се одмерат вредности кои се тешко мерливи?“. Нашиот закон како предмет на овој вид штета ги определува вредностите, а кои по својата природа се: духовни, психички, апстрактни, а со тоа и тешко одредливи и ги опфатил со општиот правен израз „правичен паричен надоместок“, кој се досудува како надомест на нематеријална штета.

Токму затоа, да се пишува за *надоместокот на нематеријалната штета*, во контекст на судската пракса, главната цел е да се воедначат разликите во определениот правичен паричен надоместок, во контекст на слободното судиско уверување при досудувањето на истиот.

Штета претставува извор на облигационо-правен однос, кој настанува со недозволено постапување на едно лице (деликт), а се состои во намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на неговото зголемување (испуштена корист), како и нанесување на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета). Според тоа, штетата претставува повреда на нечие субјективно право или правен интерес.

Гледано временски, штетата може да биде: постоечка штета, идна штета, евентуална штета.

Гледано според тоа како настанала штетата, може да биде: директна или непосредна штета и симултана штета. Гледано на начинот на нејзиното утврдување и докажување, штетата може да биде: конкретна штета и апстрактна штета. Гледано од предвидливоста на нејзиното настапување, штетата може да биде: предвидлива штета и непредвидлива штета. Гледано според нејзиниот обем, штетата може да биде: позитивна и негативна, т.е. негативен договорен интерес. Исто така, во теоријата е познат и поимот на супституирана штета, која постои тогаш кога се предизвикува штета заради отстранување на штетните последици од друго лице кое е оштетено, со цел да се намали штетата. Во нашиот правен систем постои и опасност од штета, секој може да бара од друг да го отстрани изворот на опасноста од кој му се заканува позначителна штета нему или на неопределен број лица, како и да се воздржи од дејност од која произлегува вознемирување или опасност од штета.

Зборот штета обично подразбира не само имот, туку и морални загуби. За правилно толкување на надоместокот за нематеријална штета, потребно е да се запознаете со правата на лица, бидејќи тоа се правата што ја признаваат правната заштита на поединецот од повредите што му се нанесени кон неговото битие, неговото тело или неговата психа. Елиминирање на штетните последици е целта, а надоместокот мора да биде соодветен на штетата. Со оглед на тоа што нематеријалната штета не може да има цена, се поставува прашањето: „Дали и како може да се направи надомест на штетата што е предизвикано од повреда на индивидуалните права?“.[1]

Постои еден многу актуелен поттик за оваа тема: сè почестото обраќање на носителите на јавни функции, службени лица кои по повод вршење на оваа професија или должност, се изложени на критика, а со тоа да почувствуваат повреда на честа и угледот. [3] Многу е важно да се анализира за каква компензација за повреда на таа личност се определува судската пракса, низ надоместот на правичниот паричен надомест и дали во овие случаи е присутно надоместувањето на нематеријалната штета преку морална сатисфакција. Ова е особено во контекст на обврската на судот преку доказната постапка да утврди дали штетата навистина настапила за конкретната јавна личност, и ако е тоа случај, на кој начин да се утврди нејзината висина и начин на надоместување, со цел да се индивидуализира таа штета.

Заклучокот се наоѓа во самата судска пракса, каде може да се види со практични примери, како и на кој начин се врши надомест на нематеријална штета и до кој степен се ефективни одредени законски одредби, но и судски одлуки. Во таа смисла е можно да се каже дека судот, во сите форми на нанесување на нематеријална штета, смета дека има право на надомест за нематеријална штета, утврдена кога дејството на штетникот предизвика одредено лице да страда од страв, болка од ментална или физичка природа или угледот на оштетениот во околината во која живее е сериозно нарушена.

Нематеријалната штета, согласно Законот за облигационите односи, претставува штета предизвикана со повреда на личните права. Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние кои се врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а

особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица. [4]

Надомест на (неимотна) нематеријална штета постои тогаш кога штитеникот му нанел на друг физичка или психичка болка или страв. Се тргнува од тоа дека природата на штетата не е автоматски определена со видот на нападнатото добро за да би можел, според видот на доброто, да направи класификација на штетата. Нематеријалната штета може да биде предизвикана со повреда на правата на личноста (слободата, животот, телото, интимната сфера, честа и угледот, почитување на личноста и другите неимотни добра кои на човекот му ги гарантира правниот поредок), со уништување на предмети, со повреда на блиско лице и слично. Со повреда на овие исти добра може да настане и имотна штета, па заради тоа штетата секогаш во тие случаи може да биде материјална или нематеријална.

Според Законот за надоместот на нематеријалната штета, се врши со објавување на пресуда или со исправка, т.е. во случај на повреда на правата на личноста, судот може да нареди на трошок на штетникот објавување на пресудата, односно на исправката или да нареди на трошок на штетникот да ја повлече изјавата, со која е сторена повредата или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со надоместот (сатисфакција). Како надомест на нематеријалната штета може да се досуди и паричен надомест. За претрпени физички болки и за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, награденост, повреда на угледот, честа слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице, како и за страв, судот ако констатира дека околностите во случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе

досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.

Кога се одлучува за барањето за надомест за нематеријалната штета, како за висината на нејзиниот надомест, судот води сметка за значењето на повредената добро и за целта за која служи тој надомест, па и за тоа со него не им се погодува на стремежите што не се спојливи со таквата природа.

Кога имаме случај на смрт на некое лице, судот може да им досуди на членовите на неговото семејство (брачен другар, деца и родители) споредлив надомест за нивните душевни болки. Таквиот надомест може да им се досуди на браќата и сестрите ако меѓу нив и умрениот постоела потрајна животна заедница. Додека, во случај на особено тежок инвалидитет на некое лице, судот може да им досуди на неговиот брачен другар, на вонбрачниот другар, на децата и на родителите, справедлив паричен надомест за нивните душевни болки. [3]

Според тоа, ако поради повреда на честа или изнесување или пренесување невистинити наоди за минатото, за знаењето, за способноста на друго лица или за нешто друго, оној што изнесувал знаел или би морал да знае дека се невистинити и со тоа му се причини материјална штета некому, штетникот е должен таа материјална штета да ја надомести. [2] [4]

1.2. Нематеријалната штета во нашето право

Ако се земе превид дека концептот на материјална штета е прилично развиен и познат уште од многу стари времиња, ова прашање се сведува само на концептот на нематеријална штета кој го прифаќаат правните системи.[10] Тој е порестриктивно

поставен во поглед на материјалната штета и главно казуисички се утврдени случаите кога е дозволен надомест на нематеријална штета.

Во нашето македонско право, предмет на заштита се личните права на физички и правни лица кои се наброени во чл. 9-а од нашиот Закон за облигациони односи, цитирано *„...Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.“*

Повреда на личните права во врска со надоместокот на нематеријалната штета што ќе настане, во нашето право се предвидуваат два начини на надоместување:

1. Нематеријално (морална сатисфакција);

2. Материјално (материјална сатисфакција);

Според нашето право, одредбите од Законот за облигациони односи, како *lex generalis* во конкретниот случај, потребно е да се дефинираат лицата кои имаат право да бараат надомест на нематеријална штета, а потоа да пристапиме кон разгледување на критериумите кои законодавецот ги предвидел за утврдување на нејзиниот износ.

Лица кои имаат право на надомест на нематеријална штета, според нашето право, се:

- физички лица кои претрпеле повреда на лични права;

- правни лица кои претрпеле повреда на личните права;

- брачниот другар, деца и родители на едно лице, во случај на негова смрт или тежок инвалидитет;

- браќата и сестрите, дедовците и бабите, внуците и вонбрачниот другар ако меѓу нив и повреденото/умреното лице постоела потрајна животна заедница;

- родителите, во случај на зачнато, а неродено дете.

Во нашиот законик за одговор на прашањето: „*Како ќе се определи висината на надомест на нематеријална штета, во случај кога се исполнети сите претпоставки и наведените лица имаат право да бараат таков надомест?“,* според старото правно правило, кое се содржеше во членот 189, став 2: „*При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа“*. Со ваквата правна регулатива се поставуваа неколку општи критериуми, според кои судот треба да се раководи во утврдување не само на основаноста на барањето за надомест на нематеријална штета, туку и на висината на нематеријалната штета. Се работеше за следниве критериуми:

- значењето на повреденото добро,

- целта за која служи тој надомест и

- со надоместот не треба да се остваруваат стремежи што се неспојливи со неговата природа.

Во 2008 година направени се измени на овој член и променет е насловот, како и неговата содржина. Сега членот 189 се однесува на справедлив паричен надомест и кажува: *„Во случај на повреда на личните права, судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во отсуство. При одлучувањето за барањето за справедлив паричен надомест, судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојви со неговата природа и општествената цел. Кога се однесува за повреда на правото на углед и другите лични права на правните лица, судот, ако најде дека тежината повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство. Покрај овие правила, во одделни случаи, кога тоа со друг закон е поинаку уредено, ќе се применуваат и правилата од тој закон.“* [8]

Во оваа одредба се изделува листата на следниве критериуми:

1. Силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв;

2. Целта за која служи надоместокот;

3. Надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.

Додека пак, во член 192-а, а се однесува на втасаност и висина на справедливиот паричен надомест. Според овој член: „*Обврската за исплата на справедливиот паричен надомест достасува со денот на донесувањето на првостепената пресуда со која е определена висината на овој надомест. При одлучувањето за висината на справедливиот паричен надомест, судот ќе го земе предвид и времето изминато од настанувањето на штетата до донесувањето на одлуката, ако должината на чекањето на сатисфакцијата и другите околности го оправдуваат тоа.“*

Дополнување на теоретското и законското разгледување на прашањето за материјално надоместување на нематеријална штета, тука е и судската пракса, затоа ќе споменеме неколку случаи од неа.

Споменуваме една одлука на Врховен суд на РМ Рев. 157/85, според која, *„…незначителната физичка болка во траење од 2 до 3 дена и незначителниот претрпен страв при повредување, не го оправдуваат досудувањето на надомест на нематеријална штета...“*. Во поглед на намалувањето на општата животна способност само за време на лекувањето на телесната повреда, во судската пракса се поставува одлуката на Врховен суд на РМ, ГЖ. Бр. 391/77 од 08.12.1977 година, според која ваквиот случај не претставува основ за надомест на нематеријална штета поради намалена општа животна способност и дека оштетениот има право на надомест на штета по овој основ, само ако постои потрајно намалување на општата животна способност.

Во нашиот систем се среќаваме со повеќе примери во поглед на висината на досудените барањата за надомест на нематеријална штета во вид на душевни болки поради смрт на блиско лице. Неколку одлуки компаративно:

1.Апелационен суд Скопје со одлука Г.Ж. бр. 2698 од 28.06.2001 досудил надомест за изгубен син од 1. 050. 000, 00 денари; 2. Со пресуда на Апелационен суд Скопје ГЖ. бр. 939/06 од 09.03.2006 година за претрпена душевна болка за изгубена ќерка досуден е износ од 1. 150. 000, 00 денари; 3. Со пресуда на Апелационен суд Скопје, ГЖ. бр. 2964/05 од 15. 06. 2005 година за претрпена болка за изгубен 20-годишен син – досуден надомест на родител во износ од 600.000, 00 денари; 4. Со пресуда на Основен сун Крива Паланка П. Бр. 21/05 од 02.02.2006 година за претрпена душевна болка поради изгубен едногодишен син, досуден е износ од 1. 100. 000, 00 денари; 5. Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда III РО.бр.433/12 од 17.04.2013 година, досуден надомест тужбеното барање на тужителката со кое бара да се утврди дека второтужениот со своето негативно однесување вршел мобинг врз тужителката, односно со своето однесување го повредил нејзиното достоинство, интегритет, углед и чест, како и да се задолжат тужените солидарно на тужителката да ѝ исплатат на име надомест на нематеријална штета поради психичко вознемирување на работно место сума во износ од 610.000,00 денари.

Секој ефективен систем на отштетно-правни норми да содржи правила за надомест на нематеријална штета, денес можеме да кажеме дека е неспорно барање. И покрај теориските тврдења, денес преовладуваат мислењата дека штетата која се состои во нагрденост, емоционална траума, [14] нарушување на физичкиот комодитет за подолг временски период, намалување или губење на способноста за извршување на нормални секојдневни активности и слично, е исто толку реална колку што е и изгубената добивка како вид на материјална штета. Како прашање во ваков случај се наметнува: „Како да се определи материјалниот еквивалент на ваквиот вид на штета?“. Додека пак прашањето за

постоење на правото на надомест на нематеријална штета е апсолвирана правна категорија, начинот на определување на износот на тој надомест е дискутабилен. Ќе се постави прашањето: „Која е справедливата цена на болката и страдањата?“.

За да се одговори прецизно на ова прашање, неминовно е да се изгради еден систем на водечки принципи, на основ на кој би се поставиле критериуми, со чија помош би се определувал износот на нематеријалната штета, а правната доктрина ќе се согласи дека не постојат објективни критериуми, со кои може да се измери повредата кај случаите на настанување нематеријална штета и да се определи износот на ваквата штета.

2. Нематеријална штета во компарација со Европското право

Општо земено, под поимот штета во Европските земји се подразбира штета, но која не се однесува на имотот, на богатството или приходот на некое лице. Затоа, тој термин опфаќа широко поле на штети, од телесна повреда и повреда на душевното здравје, до вознемиреност и душевна болка. Дури и попреченоста во личната слобода или репутација може да се смета за нематеријална штета во најголем дел на правни системи. [40] [46]

Во повеќето современи правни системи нематеријалната штета, односно индивидуалната штета и нејзините форми, се поправаат со паричен надоместок.

Кога имаме телесни повреди, оваа дефиниција на *pretium doloris* води потекло од два латински збора: *Dolor* што значи повреда, болка, патење, жал, па дури и здодевност, мака...., а *Pretium* како цена, вредност, пари, дури и откупнина и казна, што доведе до историска разлика во проценатa. Денешниот концепт на болка и патење најпрво се појави

во текот на 16 век, кога имаше мешан карактер на казнено и граѓанско право. Со тек на време, казниот дел скоро исчезна и сега скоро сите судски системи ја применуваат само функцијата за надомест на штети. [6]

Споредбено со нашето право, во Франција видовите на загуби за кои судовите досудуваат надомест на нематеријална штета се прикажани во натамошниот текст, пред сé, бидејќи претставуваат уште еден репрезентативен пример за категоризација на нематеријалната штета, овој пат во европската правна пракса. Во француското право, такви повреди, кои се основ за надомест на нематеријална штета, се следните.

Судовите износот што го досудуваат за овој вид на нематеријална штета се движи од 1000 до 15 000 евра - болка, страдање и загуба на физички или ментален интегритет кои вообичаено се однесуваат на болката за време на траењето на оштетувањето, како и уплашеноста, стресот и стравот од идна неспособност.

Како најопшто поставен вид на загуба во нематеријална штета, кој во себе може да опфати загуба на чувството за мирис, намалување на квалитетот на животот, неспособност да се спортува или да се оди на прошетка, да се носат потешки предмети и слично.

Иако во француското право привремените оштетување најчесно се запоставено во поглед на нематеријалната штета, што настанува како резултат на нивното настанување и се надоместува само материјалната штета. Ваквата состојба настанува со две одлуки на Касациониот суд во Франција кои ги земаат предвид и привремените оштетување при досудување на надомест за нематеријална штета. [41]

За разлика од судот, кој освен овие карактеристики на оштетениот, ги зема предвид и занимањето на оштетениот и брачниот статус, кај естетските оштетувања кои се

разликуваат меѓу себе, се категоризирани од страна на медицински експерти на скала од 0 до 7, и тие не ја земаат предвид возраста и полот на оштетениот. Оштетување на сексуалните функции и способноста за репродукција.

Кога ќе се изгуби способноста за заработување, соодветно вработување и способност за одржување на домот, надоместокот на ваквиот вид на нематеријална штета се остварува преку надомест на материјална штета и надомест на нематеријална штета за намален квалитет на животот.

Во француското право нематеријалната штета за загуба на животните аспирации не се надоместува посебно, туку со зголемување на надоместокот на останатата нематеријална штета, во случаи кога тоа оштетување предизвикува и намалување на животните аспирации. [42]

Надомест за намалено уживање за време на празници, кој се остварува преку надоместот за намалување на квалитетот на живот, не претставува посебен основ за надомест на нематеријална штета. [43]

Кога имаме заштита на ментално здравје, во француското право тоа е опфатено со општиот поим *dommage moral* и слично.

Во судската пракса се среќаваме и со случаи во кои судот не досудува надомест за нематеријална штета според одредбите на CISG. Таков е следниот пример: Купувачот, француска компанија, направил порачка кај продавачот, шпанска компанија, за 8,651 пара чевли да бидат означени со трговската марка „Pierre Cardin“. Продавачот негирал дека примил таква порачка и одбил да испорача. Купувачот задоцнил со доставувањето на чевлите до продажните места и 2,125 непродадени пара чевли му биле вратени. Тогаш,

купувачот поднел барање во износ од 712,879f за надомест на штета поради непродадените чевли и за загуба на бренд - имиџот на компанијата.

Друга пресуда на Трговскиот суд во Виена, кој му досудил надомест на штета на купувачот за повреда на договорна обврска и за загуба на бренд - имиџ. Пресудата била обжалена од страна на продавачот. Второстепениот суд заклучил дека и двете страни ја имаат прифатено Виенската конвенција и дека во нивниот случај одредбите на Конвенцијата се меродавно право за решавање на спорот. После тоа Судот решил дека „одбивањето на продавачот, без никаква основана причина, да ја исполни обврската да испорача и лажното изјавување дека таква порачка не е направена, претставува фундаментална повреда на договорот од страна на продавачот, согласно со арт. 25 од Конвенцијата. Апелациониот суд забележал дека таква штета не може да се досуди врз основа на CISG (United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods) и го одбил таквото барање на купувачот. [11] [44]

Ако ги разгледаме законите на останатите европски држави, како на пример, Италијанскиот граѓански законик од 1942 година, тој упатува на тоа дека нематеријалната штета може да се надомести само во одредени, законски утврдени случаи. Се работи за казуистичкиот начин на определување на случаите во кои нематеријалната штета е надоместлива или не постои едно општо правило за нејзин надомест, туку бројот и видот н случаи на правна допуштеност за барање на надомест на причинета нематеријална штета е уреден со посебни норми и се однесува на ограничен број на случаи.

Во италијанскиот закон нематеријалната штета *danno non-patrimoniale*, има три посебни форми - *danno biologico* (биолошка штета), *danno morale* (морална штета) и *danno*

esistenziale (егзистенцијална штета). Првата само по себе претставува штета и се компензира според табелите што се разликуваат од суд на суд, додека другата се оценува според околностите на случајот. [16] Егзистенцијалната штета вклучува повреда на сите други права на личноста и се развила во судската пракса. Биолошката штета претставува кршење на здравјето како законски заштитен интерес, додека моралната штета ги опфаќа болката и страдањето поврзани со таа повреда.

Судовите избегнуваат да се повикуваат на тоа како посебна форма на штета, па затоа се повикуваат на општите термини - неимотни последици од повреда на уставно загарантираните права. [17].

Гледајќи ги ваквите пристапи на националните законодавци, не е изненадувачки што дури и во обидите за наоѓање униформни решенија, се среќаваме со многу широки, општи дефиниции на штета. Принципите на Европскиот закон [18] за надомест на штета ја дефинираат штетата како материјална или нематеријална повреда на законски заштитен интерес. [19] [43]

Обемот на заштита на посебен интерес зависи од неговата природа: колку е поголема нејзината вредност, толку е попрецизна дефиницијата со поголема јасност и опсегот на нејзината заштита е поширок. Најширока е заштитата на животот, физички и ментален интегритет, човечко достоинство и слобода. Исто така, вистински права ужива широката заштита, додека заштита на строго економските права и договорните односи е нешто потесна по обем и во нивната повреда посебно внимание се посветува на степенот на врската помеѓу штетникот и повреденото лице или фактот дали штетникот бил свесен

дека тоа ќе предизвика штета. На обемот на заштита, исто така, може да влијае и природата на одговорноста, па интересот може да биде посилно заштитен од намерна штета.

Кога се утврдува обемот на заштита, исто така, треба да се земат предвид интересите на самиот оштетен, неговата слобода на дејствување и остварувањето на неговите права и јавен интерес. И според DCFR (Draft Common Frame of Reference), кон штетата се пристапува како израз од многу широко значење. Тука се зборува за „легално релевантна штета “, па според тоа, загубите што се како такви правно релевантни, односно признати. Економска или неекономска загуба или повреда е правно релевантна доколку тоа е определено со кое било од правилата на тоа поглавје, што е резултат на повреда на признаено право или е резултат на повреда на интерес што заслужува правна заштита (2: 101 (1)). Рзгледувајќи ги последните два случаи (кога тоа не е определено од самиот DCFR како законски релевантен), загубата или повредата се правно релевантни само ако е правично и разумно и има право на негово санирање или спречување. Кога се разгледува, се внимава дали постои право на поправка или превенција, и треба да се обрне внимание на основата договорност, природата и близината на штетата или непосредната штета, разумните очекувања на лицето кое претрпува или ќе претрпи штета и прашање од општ интерес (2: 101 (2) и (3)). Економската загуба вклучува: губење на приходот или заработката, оптоварување и оштетување на средствата, додека неекономската загуба вклучува: болка и страдање и влошување на квалитетот на животот (2: 101 (4)). DCFR и принципите, всушност, се обидуваат да избегнат дефинирање на нематеријална штета, и тие ја користат најопштата идеја за истата, што секако дозволува да ги опфати сите оние форми на нематеријална штета, признати во конкретните национални системи.

Можеме да препознаеме еден вид на општо правило за надомест на нематеријална штета во Српскиот граѓански законик од 1844 година, според кој*: „Мора да се надомести и онаа штета која настанува со повреда на слободата, честа, угледот или сопственоста на некој друг.“* [9]

Одделени се некои случаи, каде споредбено се гледа разликата во исплатата на нематеријалната штета.

1.Матијашевиќ (23037/04) 19 септември 2006 година - Повредата се случи пред Општинскиот суд во Нови Сад и Врховниот суд на Србија - криминален случај. Судот утврди жалба на чл. 6 ст. 1 (не е дозволено); жалба на чл. 6 ст. 2 (повреда) - доделени *662 €* за трошоци - *одбиено барање од 50.000 € во целост*.

2. В.А.М.39177/05) 13 март 2007 година - Повредата се случи пред IV Општински суд во Белград - семеен спор - чл. 6 ст. 1 (времетраење на постапката); член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот); член 13 (ефикасен агент); член 14 (дискриминација); *30 000 евра* (нематеријална штета); *2590 €* чини пред домашниот суд; *6300 €* чини пред ECHR (European Court of Human Rights); жалба 6 ст. 1 (повреда) жалба чл. 8 (повреда) жалба; чл.13 (повреда) - *доделени 10.000 € (нематеријална штета)* - остатокот од барањето е одбиено Јевремовиќ (2 апликанти) (3150/05)

3.*Јевремовиќ (2 апликанти) 17.VII 2007* година - Повредата се случи пред IV Општински суд во Белград - семеен спор - чл. 6. Ст. (времетраење на постапката); чл. 8 (повреда на правото на почитување на семејниот живот); чл. 13 (ефективност на средствата); чл. 14 (дискриминација). На првиот жалител му беа досудени *5.000 €*

(нематеријална штета) - доделено на вториот жалител, *1000 € (нематеријална штета)*.[13]

Во Српскиот законик, според членовите 200 и 201 од Законот за облигациони односи се расчистуваат некои дилеми во судската пракса, во врска со доделување на фер паричен надоместок. Во пракса, се постави прашањето како да се утврди дали компанијата за осигурување платила фер паричен надоместок, а оштетеното лице по две, три, пет години. Ова побарување не е застарено поради кривична постапка, а обвинетиот беше прогласен за виновен. Тој поднесе тужба со барање и за тоа осигурителната компанија му исплаќа праведен паричен надоместок. Како да се утврди, во согласност со законот, колку помалку платил обвинетиот за нематеријална штета на оштетениот, во моментот на исплата на нематеријална штета? [36]

Како да се спречи исплатата на отштетата двапати во вонсудска и судска постапка? Како да се спречи судовите, по правило, да утврдат дека обвинетиот платил помалку на оштетениот во вонсудска постапка, отколку фер надомест на штета за 50%, 60%, 80%, 90%, 3% или дека платил 3%, 0,03% од фер паричен надоместок на оштетената страна? Наведени се неколку пресуди во Српската пракса со цел да ја потврдиме оваа изјава.

Општинскиот суд во Лозница донесе пресуда П.бр.2027 / 95, од 26 декември 2006 година, во која се наведува: „На тужителот му беше исплатен износ од 56%, односно помалку од 44% од реалниот и фер надомест, што изнесува до 22.000,00 динари“.

Општинскиот суд во Лозница ја донесе пресудата П.бр. 98/96, од 17 декември во 2016 година, во која таа изјави: „Како обвинетиот само тогаш му плати на тужителот

60.000 динари, или 20%, се должни да му платат на тужителот повеќе по овој основ 80%, според околностите на денот на пресудата“.

Окружниот суд во Шабац ја донесе пресудата Г. 972/95, од 21 јануари 2016 година, во која стои: „Овој суд не може да го прифати заклучокот на првостепениот суд, дека споменатата уплата ја сторила тужената институција за осигурување на малолетничката и му платиле на тужителот само 3% од претрпената штета “.

Во Српскиот законик се верува дека судовите мора да ги обезбедат доказите врз основа на кои тие го утврдиле тоа обвинетиот да плати помалку од 50%, 80%, 3% од фер паричниот надоместок на оштетената страна. Пресудите во кои не се наведени доказите, како што судот утврдил дека обвинетиот платил помалку 50%, 80%, 3%, се незаконски и биле донесени без никакви мерила и критериуми.

Само со увид во конечните пресуди од времето кога обвинетиот ја платил штетата на оштетениот во вонпарнична постапка може законски да се утврди дали обвинетиот не платил помала отштета на оштетениот. Со тоа се избегнува судовите да донесуваат пресуди без никакви критериуми, бидејќи не може да се објасни разновидноста на доделување на висината на нематеријална штета, односно дека тужениот исплатил помалку 50%, 80%, 3%, без да обезбеди докази. Во Српскиот законик станува збор за утврдување на висината на нематеријална штета по сопствено наоѓање. Во член 224, Според Законот за парнична постапка, судот треба да изврши увид во повеќе конечни пресуди од времето кога уплатата е извршена во вонпарнична постапка, која се однесува на надоместок на нематеријална штета. [28]

Од друга страна пак, кога се однесува за право на надомест на нематеријална штета поради намалување на животната активност, оштетување на угледот, честа, слободата или правичност за смртта на некој близок и поради претрпениот страв, се гасне веднаш по смртта на оштетениот, смртта на некој близок и поради претрпениот страв, се гасне веднаш по смртта на оштетениот, бидејќи наведените видови на нематеријална штета се поврзани со лицето на оштетениот. Во Српскиот законик со овие измени и дополнувања на член 204, ЗОО ќе се избегнат различни ставови во судската пракса за овие прашања. Во судската практика постои голема разновидност во однос на доделувањето на нематеријална штета на жртвите на сообраќајни несреќи, несреќа, во смисла на одредбите од членовите 200 и 201 од ЗОО. Толку голема разлика во однос на доделувањето на нематеријална штета е недопустливо. Би било пожелно Врховниот касационен суд на Република Србија во Белград да заземе принципиелен став во врска со доделување на нематеријална штета на жртви на сообраќајни несреќи, во смисла на одредбите од членовите 200 и 201 од Законот за сообраќајни несреќи, имајќи предвид колку години има жртвата на сообраќајната несреќа, колкав е интензитетот на болка, страв, како и степенот на нарушување. Овој предлог е во согласност со законот затоа што Уставниот суд на Република Србија утврди дека одредбата од член 26, став 2 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот не е во согласност со Уставот на Република Србија. На овој начин во правосудството на Србија се смета дека би се постигнало следново: непотребни судски постапки би биле избегнати, непотребните судски трошоци ќе се избегнуваат, оштетените ќе ја соберат нематеријалната штета побрзо, трошоците за вештачење ќе бидат избегнати, судовите на униформен начин. Во согласност со принципиелната позиција, се сменети членовите 200 и 201 во ЗОО, за осигурителните компании, коишто ќе надоместат

нематеријална штета во вонсудска постапка, во согласност со принципиелната позиција. [29]

Во Законикот на Босна и Херцеговина ситуацијата е различна со нематеријалната штета затоа што влијае на личноста на оштетениот и обично останува без надворешни последици. Останува сложено прашањето во врска со утврдување на нематеријалната штета, за кое се дискутира низ разни теории и за кое ќе се дискутира подоцна. М. Каложера [30] беше на мислење дека докажувањето на кривичното дело ја докажува и штетата, наведувајќи пример за сообраќајна несреќа во која сопственикот на возилото го прегазил повредениот лице и го повредил. Природната последица на повредата е физичка болка и никој нема да го негира постоењето на оваа штета бидејќи на сите им е јасно дека оштетената страна претрпела повеќе или помалку физичка и душевна болка во горенаведените околности. Во правниот поредок на Босна и Херцеговина, Уставот на Босна и Херцеговина е секако најважен правен извор на лични права, кој во преамбулата и Анексот 6 ги гарантира за секоја индивидуа основните човекови права и слободи, особено правото на живот и правото на личен и семеен живот, достоинство, углед и чест, слобода, еднаквост, мир и правда. Според тоа, основното уставно начело на човечкото достоинство бара признавање на правото на надомест на нематеријална штета, без исклучок, во случај на кое било лице кое претрпело оштетување на неговиот или нејзиниот физички и / или ментален интегритет. Такво право им припаѓа на сите родени и зачнати човечки суштества, деца и стари лица, оние со свест, како и оние без свест, богати и сиромашни. Во ОГЗ (Основен Граѓански Законик), во историски контекст, во Босна и Херцеговина поради недостаток на позитивни законски регулативи за надоместување на нематеријална штета, судската пракса во овие области не го признаваше правото на паричен надоместок

за нематеријална штета, иако некои стари граѓански закони предвидуваа можност. Во ОГЗ штета се дефинира во 1293 година: *„Секој дефект, сторен на некого во врска со имотот, правата и неговата личност“.* Стилизацијата на овој став е таква што ги опфаќа, покрај имотот, и сите случаи на нематеријална штета. Додека повредите на имотот секогаш доведуваат до материјална штета, прекршувањето на правата, а особено повредите на личноста / лица /, главно се однесуваат на нематеријална штета.

Судската практика на поранешна СФРЈ во прво време по ослободувањето, поради недостаток на позитивни регулативи за надомест на нематеријална штета, не го признаваше правото на паричен надоместок за нематеријална штета, иако некои стари граѓански закони предвидуваа таква можност во одредени и точни опишани случаи. Само судовите во Словенија, веднаш по нивното ослободување, признаа паричен надоместок за нематеријална штета, но во релативно тесни рамки на претходните законски правила, т.е. ставовите од 1323 до 1328 од поранешниот ОГЗ. Дури по донесувањето на првиот нацрт на Законот за надомест на штета во 1951 година, судовите на Босна и Херцеговина започнаа да ги менуваат своите ставови во врска со непризнавањето на надоместокот за нематеријална штета. Врз основа на тоа и тргнувајќи од правните правила на претходните граѓански законици и следејќи го развојот на целокупните општествени односи, беше развиена богата судска пракса од областа на правото на надомест на нематеријална (нематеријална) штета, која подоцна послужи како основа за регулирање во рамките на овој Закон за облигациони односи.

Таквиот став најдобро се изразува во судската пракса преку одлуката на Врховниот суд на Југославија, која вели дека физичката болка е материјална штета. [31] Покрај дилемата за законски признати видови на нематеријална штета, во Законикот на Босна и

Херцеговина се споменува дека при примената на ЗОО / 78 постоеше прашање за критериуми и основи за признавање на паричен надоместок за нематеријална штета. Постоењето на нерамномерна судска пракса доведе до неконзистентна примена на законот и нееднаквост на граѓаните, кои во иста правна и фактичка состојба не добија исти износи на надомест на штета за нематеријална штета. Затоа Врховниот суд на Федерацијата Босна и Херцеговина и Апелациониот суд во 2006 и 2010 година донесе *„Критериуми за ориентација и износи за утврдување фер паричен надоместок за нематеријална штета“*.

Усвојувањето и јавното објавување на овие критериуми за ориентација и износот за утврдување на фер паричен надоместок, општо е прифатено, ориентационо со критериум за надомест на нематеријална штета, со нагласување дека тие не претставуваат ценовник, како што е наведено во текстот на критериуми: *„Тие не претставуваат математичка формула што се користи автоматски за да се пресмета фер паричен надоместок. При примената на оваа регулатива, секогаш треба да се имаат предвид сите околности на случајот, каде што времетраењето и тежината на физичката и менталната болка и страв имаат само значење на особено важни, но не и единствени околности што судот мора да ги има предвид при утврдување на висината на фер надоместок“*. [32]

Овие критериуми за ориентација се моделирани според оние на Врховниот суд на Република Хрватска во 2002 година, кои во правната теорија и практика се поврзани со мислењето дека во која било одредена ситуација, износот на фер паричен надоместок може да отстапи, понекогаш многу значајно, од износите наведени во критериумите за ориентација, наведува Г. Грбин, а особено посочува дека критериумите за ориентација на Врховниот Суд се наменети и за судиите и за медицинските експерти.

Со усвојување на Уставот на Босна и Херцеговина во 1995 година и меѓународните стандарди за заштита на човековите права и основните слободи и списокот на права што ги уживаат сите лица на територијата на Босна и Херцеговина (право на живот, здравје, достоинство, и сл.), се создаде основа за нов законски план за редефинирање на концептот на нематеријална штета, вклучувајќи ги и оние нематеријални штети што произлегуваат од штета на лице како резултат на сообраќајна несреќа. Бидејќи задолжителното осигурување од одговорност од настната штета од трети лица се однесува на одговорност за штета што произлегува од употреба на моторно возило како опасна работа и штета погодена од трети лица, како корисници на надомест на штета (оштетени страни) се појавуваат лица кои не спаѓаат во кругот на трети лица. Нацрт на новиот Закон за облигациони односи на ниво на Босна и Херцеговина (во натамошниот текст: Нова ЗОО), се расправаше на 03.02.2010 година од страна на Претставничкиот дом на Парламентарното собрание за Законот за осигурување од автоодговорност и други одредби за задолжително осигурување од одговорност. Со ваква реформа во областа на граѓанското право, Босна и Херцеговина (делумно) би го достигнала истото ниво на развој на граѓанско-правната заштита на неимовинските добра, односно лични права, како што постојат во развиените европски земји.

Промената на постојната (субјективна) концепција и поим за нематеријална штета со нова објективна концепција на нематеријална штета, според која самото кршење на правото на една личност е нематеријална штета, дава нова димензија на правото на лице и целокупното граѓанско право. Развојот секако оди во насока на препознавање на т.н. егзистенцијална или чиста нематеријална штета (штета што носи главна карактеристика и се јавува на прво ниво). Ова е штета предизвикана од повреда на какво било право на

личноста, без неопходен одраз на болка и страв, кои веќе не се важна одредница за поимот за нематеријална штета во законот на Босна и Херцеговина. Заштитата на правата на личноста е секако посебно и не помалку важно прашање.

Иднината на утврдување на можните форми на лични права, покрај наведените во новиот закон на Босна и Херцеговина, и начинот на нивно исправување во случај на повреда, најмногу ќе зависи од фундаментално истражување на компаративните штети. Имено, постојат голем број на европските земји кои во XIX век го извлекоа не само поимот за права на личноста, туку и поимите за штети што дури не се споменуваат (на пример, Германија, Италија, Австрија), како и функционална примена на овие достигнувања во оштетеното облигационото право во креативната судска пракса, со значителен придонес кон правни, медицински и други науки. [34]

Во Швајцарскиот граѓански законик ова прашање децидно е уредено само во еден случај – во случај на смрт и телесна повреда, каде лицето кое претрпело телесна повреда или во случај на смрт на некое лице, на членовите на неговото семејство судијата ќе им досуди правичен надомест на име морална штета. Останатите случаи, кога според Законикот е дозволено да се бара надомест на нематеријална штета, се уредени со чл. 49 според кој: *„...Лицето коешто ќе претрпи штета на своите лични интереси, може да бара, во случај на вина на штетникот, надомест на штета, и освен тоа, сума на пари на име надомест на морална штета кога тоа е оправдано, со оглед на посебната тежина на претрпената штета и вината на штетникот“.*

Додека пак, Холандскиот граѓански законик од 1992 год. посебно внимание посветува на регулирање на инситутот нематеријална штета во рамките на договорната

одговорност. [10] Нематеријалната штета ја нарекува *pretio doloris* и точно ги утврдува случаите во кои повредената страна има право да бара надомест и тоа во посочените случаи: ако одговорната личност имала намера да нанесе таква штета; ако повредениот трпи физички повреди или ако е повредена неговата чест или репутација или ако на друг начин е повредена неговата личност и штетата се состои од повреда на споменот на починатиот; ако е нанесена на брачниот партнер, кој законски не е разведен од починатиот или на неговиот регистриран партнер или роднина по крв на починатиот, до втор степен на сродство; во случаи кога споменот на починатиот е повреден на таков начин што самиот починат, доколку би бил жив, би можел да бара надомест на штета за повреда на чест или репутација. [26]

Кога ќе го разгледаме концептот на нематеријална штета на меѓународно ниво, го разгледуваме во рамките на договорната одговорност, поточно во рамките на Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 год. (CISG), Принципите на UNIDROIT за меѓународни трговски договори од 1994 год. (UPICC) и Принципите на европското договорно право кои беа објавени во 1994 год.(PECL). Право на надомест на нематеријална штета постои врз основа CIGS.[12]

3. Нематеријална штета во компарација со право на САД

Кога се гради критериум за одредување надомест на нематеријална штета и категоризација на нематеријалната штета, треба да се земе предвид светската правна практика, во која среќаваме повеќе класификации и категоризации на повредите кои доведуваат до настанување на нематеријална штета. [39] Сега ја издвојуваме класификацијата направена од страна на Националната асоцијација на осигурителни

комисионери на САД - *The National Association of Insurance Commissioners* (NAIC) која има објавено *скала на повреди,* распоредени според нивната тежина во девет точки - категории:

1. Емоционална повреда (страв, без физичка болка и штета);

2. Повреда која трае временски незначаен период (лацерации, контузии, помали лузни, осип, брзо закрепнување);

3. Одредена повреда која временски трае краток период (инфекција, фрактура, задржување во болница – случаи кога закрепнувањето трае одреден период);

4. Повреда која временски трае подолг период (изгореници, постоперативни трауми, споредни ефекти од употреба на лекови, оштетувања на мозокот);

5. Повреди од помал степен кои се трајни (губење на прсти, загуба или оштетување на органи ; вклучува повреди кои не онеспособуваат);

6. Трајни повреди кои се сметаат за значајни (глувост, губење на екстремитет, загуба на око, загуба на еден бубрег или дроб); [7]

7. Трајни повреди кои имаат поголемо значење (параплегија, слепило, губење на двата екстремитети, мозочни оштетувања);

8. Трајни повреди од огромно значење (квадриплегија, сериозни мозочни оштетувања, оштетувања што ќе траат до крајот на животот или се поврзани со фатални прогнози) и

9. Смрт.

Оваа скала секако дека оддава впечаток за добар почеток и солидна база која содржи критериуми за определување на надоместот на нематеријална штета, сепак, може да се забележи дека постојат и други критериуми кои се од значење во секој конкретен случај. Секоја категоризација на повреди подразбира редуцирање на разликите со цел сместување на повредите во иста категорија. Дополнителен критериум е фактот дека за сите настанати нематеријални штети, кои според било која категоризација спаѓаат во иста категорија, се разликуваат меѓу себе, па оттаму и износот на нематеријалните штети ќе се разликува, без оглед на припаѓањето на иста категорија.

Друг критериум е возраста на оштетениот. Повредите нанесени на лице кое има шеесет години, може да се процени дека ќе траат и во наредните 20 години, додека истите повреди кај лице од 20 години, може да се претпостави дека ќе траат и во наредните шеесет години. [37] Критериумот старост на оштетениот не треба да се гледа само од аспект на подолго или пократко траење на повредите, туку и од аспект на нивниот интензитет. [38]

Пишувањето за критериумите за определување на надоместот на нематеријална штета нé води на теренот на теоретизирање за конкретново прашање. Теоретската основа е секако појдовна основа за разгледување на било кое правно прашање. Она со што сакаме да го дополниме ова излагање е една споредбена анализа на правните правила кои го уредуваат прашањето за надомест на нематеријална штета во еден дел од правните системи во Европа, почнувајќи од нашиот. [27]

Критериум од значење за определување на надоместот на нематеријална штета се и околностите кои му претходеле или го проследиле причинувањето на штета.

Постоењето на одредена врска меѓу оштетениот и штетникот го зголемува интензитетот на болките и во тој контекст логично е да се претпостави дека одредена повреда, на пример, загуба на орган, која според горенаведената класификација припаѓа на еден ист степен, ќе има поголем интензитет доколку се случи во рамки на однос доктор – пациент, отколку во случај на сообраќајна несреќа.

3.1.Општ принцип на одредување на нематеријалната штета

Постојат некои потешкотии при проценатa, т.е. одредувањето на нематеријалните штети на објективен и финансиски начин, бидејќи не постои пазар на повредени интереси. Здравјето, на пример, нема своја пазарна цена. Сè додека не е нарушено, луѓето не му препишуваат финансиска вредност.

Од друга страна, ако разгледаме некои различни правни системи, ќе видиме дека постојат значителни разлики во оштетеното право, посебно што се однесува на нематеријални штети. Разликите не произлегуваат само од законот и судските одлуки, туку и од праксата на вклучените страни. Сите правни системи кои се прикажани, имаат инструменти за надомест на нематеријалните штети. Сепак, од земја до земја, постојат големи разлики во вреднувањето на околностите и висината на штетата. Тоа резултира со фактот што постои голем квантитативен и квалитативен распон во висината на штетата во слични ситуации, во различни правни системи.

Во некои земји исплатата на штети спаѓа во општи принципи, а во други земји исплатата на штети е дозволена само на специфична основа, на пример потребен е одреден степен на одговорност (груба небрежност или намера).

Законодавците не сакаат да го дефинираат концептот на штета, особено нематеријалната штета. Истото треба да се бара во судската пракса, бидејќи, со помош на правната теорија, играше и сè уште игра клучна улога во нејзиниот развој и признавање на правото на поправка на истите. Од деталниот третман на концептот и концепцијата на нематеријална штета во компаративното право го надминува опсегот на овој труд, затоа ние ќе се држиме до фундаменталниот пристап на избрани правни закони, до степен до кој сметаме дека е доволен за споредба со поимот и со концепција прифатена во нашиот закон.

Како пример за европска земја е Германија, која избегнува да дава општа дефиниција за штетата, а теоријата е општо дефинирана како каква било загуба што некој ја трпи во своите законски заштитени права, добра и интереси. Нематеријалната штета не се надоместува, освен ако тоа не е експресно пропишано со закон, но е во следниот став, чија апликација е проширена со судска пракса, што всушност стана исклучок, се подразбира штета, која не се однесува на имотот. [45]

Треба да се напомене дека основните теории за основаноста на доделувањето паричен надоместок за нематеријална штета се негативната и позитивната теорија. Постојат и други теории кои тврдат дека надоместокот за нематеријална штета може да се изврши само под одредени услови.

3.2.Поправање на нематеријална штета

Во суштина терминот „поправање“, односно исполнување целосно не постои, со тоа што терминот „надомест“ би можел да се замени со претходниот термин.

Невозможно е да се поправат нематеријалните штети со враќање во претходната состојба, ниту паричниот надоместок како еквивалент на оштетеното добро не е соодветен код кон овој вид штета. Секое сериозно кршење на правата на поединецот кај физичките лица ќе резултира со физичка, ментална болка и страв, така што, иако повеќе не го претставуваат самиот поим нематеријална штета, тие остануваат основни елементи за проценка на сериозноста на самата повреда и влијанието на правото на правичен надомест како форма на негово санирање. Кога се врши проценка на тежината на повредите на правата на личноста на правните лица, се разбира, тие не можат да бидат земени предвид, па со оглед на тоа, судовите во одреден случај ќе треба да бидат водени од други, применливи елементи за проценка врз правни лица. Нивното дефинирање е оставено на судската пракса, затоа што е многу оскудно, бидејќи правните лица многу ретко одат на суд за заштита на своите права на личност, па можеме само да претпоставиме кои елементи би можел да ги направи.

За тежината на повредата на правата на личноста на правно лице може, што се рефлектира во различни форми на намалено или тешко деловно работење на правно лице, по потреба да се вклучи различна организација и да се преземаат дополнителни активности за намалување на предизвиканата штета, елиминирање на последиците од повредата, спречување на понатамошно оштетување, итн.

Исто така, многу често како резултат на повреда на имотните права на правно лице, да се случи и материјална штета (загуба на деловна активност, партнери, клиенти, пад на прометот…), и износот на материјалната штета на имотот, како последица на штета, укажуваат на сериозноста на самата повреда на правата на личноста.

3.3.Барање за престанок на повреда на правата на личноста

Според нашиот закон, секој има право да побара од суд или друг надлежен орган да нареди престанок на дејствието што го нарушува правото на неговата личност и отстранување на последиците предизвикани од истото. Исто така, Законодавниот дом нема право да бара раскинување на повреда на правата на поединецот, поврзани со околностите на случајот или тежината на самата повреда, што му припаѓа на секој на којшто му е нанесена повреда на личноста.

Дејствието кое оштетениот го навел како штетно, односно она што му ја повредило личноста, треба да предизвика повреда на правата на личноста во одреден случај, т.е. судот или друго надлежно тело треба да го утврди оној којшто ја нанел штетата, го нарушил правото на поединецот врз оштетениот.

Судот треба да постави и одржи разумен лимит при проценка на однесувањето, што може да се квалификува како повреда на правата на личноста. Треба да се најде вистинскиот пристап и мерка во такви случаи во кои се бара раскинување на дејствија што претставуваат повреда на правата на личноста, бидејќи тоа би требало да биде основниот пат за заштита на правата на поединецот и спречување на понатамошни повреди, над оние класични повреди распространети во нашата судска пракса (сообраќајни штети и повреди на работа).

Досегашното искуство покажува дека жртвите многу ретко го користеле, односно дека не го признале како ефикасно средство за исправување на повредите на правата на личноста. Не се знае дали промената на таа концепција ќе доведе до промени во таа смисла, дури и по десет години тоа тешко може да се заклучи. И според претходно

наведеното и според Член 178 на ЗОО важи: „Во случај на повреда на личноста, судот може на трошок на штетникот да нареди објавување на пресудата, односно на справката, или да нареди штетникот да ја повлече изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се постигне целта. [21]

4.Душевна болка и нематеријална штета

Постои прашање околу оправданоста на надоместокот на нематеријална штета, како и прашање околу начинот на обештетување на истата, што е предмет на дискусија во правната теорија долго време.

Според некои правни теоретичари, чие мислење го прифатиле и правните системи, повредата на нематеријалните добра не може да се надомести со пари, бидејќи таква штета не може да се отстрани (Граѓански законик на РСФСР, Чехословачки граѓански законик, Унгарски граѓански законик).

Постојат и други правни теоретичари кои сметаат дека како материјалната, така и нематеријалната штета треба да се надоместува со пари, чие мислење станало општо прифатливо. И до ден денес е прифатено мислењето дека и нематеријалната штета треба да се надоместува со пари.

Во нашиот Законик, во правната пракса е прифатено мислењето дека надоместокот во пари не претставува надомест во вистинска смисла на зборот, бидејќи не може да се воспостави првобитната состојба - состојба пред настанување на штетата.

Правната теорија прифатила дека паричниот надомест треба да ја воспостави нарушената рамнотежа на душата, да се постигне психолошка сатисфакција со посредство

на реалистичен резултат. Паричниот надомест на нематеријаланата штета да се смета како сатисфакција која се дава на оштетениот за повредата на неговите нематеријални добра.

Мора да се спомене дека во судската пракса на поранешна Југославија како конечна одлука на судот била дека треба да се досудува паричен надомест за претрпена нематеријална штета, со донесена одлука на Врховен суд на Југославија Рев. бр.277/66, каде се споменува следното:

„Нападот на личните добра на човекот (чест, углед, слобода, телесен интегритет итн.), покрај материјалната штета, може да предизвика и неимотна штета, која по правило се појавува во нарушување на психичката рамнотежа на личноста, нарушување на нормалната душевна состојба, во трпење на физички или душевна болки. Неможноста овој вид на штета да се надомести со парични еквиваленти, не може да биде причина да остане ненадоместена и дека само поради тоа личните добра на човекот да останат незаштитени на подрачјето на цивилната одговорност. Целокупниот општествен развиток оди токму во насока на што поширока заштита на добрата од овој вид. Правните правила на имотно добро, ја познавале и неимотната штета само за болки претрпени поради телесна повреда, но судовите и правилата за надомест на штета на тој вид со право понатаму го разбивале и проширувале и на други подрачја на неимотна штета. Можноста за надомест на штетата за повреда на честа и за навреди да се побарува од лукраивни причини, бара од судовите да бидат повнимателни при расправањето на споровите од овој вид и тој надомет да се ограничи само на релевантните напади, кои според својот интензитет и според приликите на општествената средина, предизвикуваат јасно манифестирана повреда на честа и угледот на човековата личност“.

Откако се донесе оваа одлука, судската практика во поранешна Југославија беше еднинствена дека за претрпена нематеријална штета треба да се досудува паричен надомест, но истата не беше единствена во поглед на видовите на нематеријална штета и во поглед на лицата на кои треба да се досудува ваквиот надомест.

Од друга страна пак, со донесувањето на ЗОО [24] се определија рамките во однос на досудувањето на паричен надомест за претрпена штета, како во поглед на видовите на нематеријалната штета, така и во поглед на лицата кои имаат право на ваков надомест. Согласно член 5 од Уставниот Закон за спровеување на Уставот на РМ се применуваше и во Република Македонија сè до 13.03.2001 година, кога влезе во сила Законот за облигационите односи [25], во кој закон одредбите во однос на нематеријалната штета се идентични со одредбите од ЗОО од бивша СФРЈ.

По распадот на СФРЈ и со прогласувањето на Република Македонија за самостојна држава, во судската практика во РМ се појави тенденција за проширување н кругот на лицата на кои треба да им се досудува ваков надомест.

Во Република Македонија судот при досудувањето на нематеријалната штета, најчесто се потпира на вештачењата на медицинските стручњаци кои ги систематизираат болките како јаки, средни и слаби болки и во зависност од тоа за каков вид на болка станува збор, зависи и висината на штетата. Во судската пракса се покажува дека судовите недоволно ги користат своите процесни овластувања да раководат со вештачењето, во наредбата за вештачење попрецизно да ги определат рамките на стручниот наод и мислење на вештото лице, а потоа и да извршат критична преоценка на вештачењето во контекст на другите докази, според своето слободно судско уверување.

Основ за надоместување на паричен надомест за нематеријална штета и претрпените душевни болки најчесто настапуваат како последица на телесна повреда на оштетениот поради намалена животна активност. Надоместок за телесната повреда и неговата висина сама по себе бара да се утврди интензитетот на душевната болка, којашто ја нанесува овој вид на телесно повредување. Судот со оглед на богатата судска пракса при досудувањето на висината на овој вид на штета најчесто се повикува дека оштетениот трпи душевна болка поради претрпената телесна повреда тогаш кога тој не може да живее на вообичаениот начин, како што живеел пред настанувањето на повредата, ниту пак може еден подолг или пократок временски период да се занимава со активностите кои претходно во слободното време ги практикувал, како што е спорт, рекреација и слично, односно нормалниот тек на животот му е пореметен.

Таа животна активност како посебна основа за надомест на штета ги опфаќа сите ограничувања на животните активности на оштетениот кои ги остварувал во текот на претходниот живот пред нанесената штета, пред да биде телесно повреден, а по настапувањето на повредите, настанало ограничување на тие животни радости, или пак, тој досегашниот начин на живеење го извршувал со зголемување на напорите или под посебни околности.

При анализата на образложението на конкретни судски одлуки, произлегува дека душевна болка поради намалена активност настапува тогаш кога постои свест кај оштетениот дека неговата животна активност е намалена, а со тоа настапила душевна болка поради таквата негова животна состојба.

Во судската пракса примерите покажуваат:

Решение со кое се задолжува туженият „АДОР“ на тужителот Н. А. да му плати по основ на надомест на нематеријална штета вкупен износ од 630.000.00 денари, од кои за претрпени физички болки износ од 175.000.00 денари и за намалена животна активност износ од 350.000.00 денари, со законска затезна камата сметано од денот на пресудувањето до конечната исплата, како и да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во износ од 38.800.00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

За овој вид на штета, со законските промени за висината на надоместокот во доказната постапка, најчесто судовите се потпираат на медицинско вештачење, со кое се утврдува намалената животна активност на оштетениот. [22] Исто така, вештото лице ги утврдува сите последици поради кои настапило намалување на животната активност на оштетениот. Колкава ќе биде висината на нематеријалната штета по овој основ, највеќе ќе зависи од јачината и траењето на душевната болка. Исто така, оваа околност ја определува вешто лице, а понатаму судот по своето слободно судско уверување утврдува која висина на штета претставува нормална сатисфакција за задобиените душевни болки по овој основ. Како пример: Во Рев. број 703/08 - Врховниот суд на Република Македонија зазел правно становиште, според кое во сообраќајната незгода која се случила без вина на оштетениот, покрај друго, му била повредена и бешиката, заради што подолго време бил приклучен на катетар, поради што оштетениот – тужителот како млад човек *трпел големи нелагодности во секојдневното живеење и покрај тоа што овие нелагодности со медицинското лекување се целосно санирани*.

Како клучен фактор за висината на надоместокот на штетата, покрај степенот на инвалидитетот, медицинскиот третман, времетраењето на рехабилитацијата и слично,

влијание има и староста на оштетениот, неговата професија, односно дали таа намалена животна активност влијаела и врз обавувањето на професионалните задачи.

На пример: Под Рев.бр.379/2010 тужителката претрпела лесна телесна повреда со паѓање на металната шипка на бината во театарот, но околноста што таа по професија е балерина и оваа повреда (едната нога и пократка за 1 см) пресудно се одразила над професионалната активност на тужителката, поради што таа трпи душевни болки поради намелена животна активност, претрпена болка заради намаленото професионално напредување, страв, но и нагрденост, од страна на судот посебно се ценеше висината на нематеријалната штета.

Постои нераскинлива поврзаност меѓу душевната болка и нагрденоста, на кој основ судот ја дава својата конечна одлука. Нагрденоста може да се определи како нарушување на дотогашниот надворешен изглед на лицето на оштетениот, но може да се одрази и на нарушување на некои телесни функции.

Исто така, нашиот закон во случај на смрт на родителите или децата на припадниците на семејството им припаѓа надоместок на нематеријална штета, при што се определува паричен надоместок за душевни болки на детето поради смртта на родителите, исто така и на родителите поради смрт на дете.

Во пракса има повеќе видови на парична сатисфакција во случај на смрт или тежок инвалидитет на блиска особа. Лица кои имаат право на надоместок од овој вид се: брачниот другар, децата или родителите како членови на потесното семејство, браќата и сестрите на загинатата особа ако живееле во заедничка семејна заедница, вонбрачниот другар на умрената особа ако помеѓу нив постоела трајна заедница на живот.

Пред донесувањето на ЗОО во судската практика и во правната теорија во поранешна Југославија немаше дилема во поглед на правото на родителите за надомест на штета поради претрпена душевна болка за смрт на дете (Пресуда на Врховен суд на СФРЈ Рев. бр.696/64 од 03.07.1964 година, објавена во Билтен на Врховен суд на Југославија од 1964 година бр. 13, стр.9).

Судската практика во однос на признавањето на надомест на штета за претрпена душевна болка на дете во случај на смрт на еден или на двајцата родители била различна. Некои судови го признавале правото на надомест на штета за претрпена душевна болка на дете во случј на смрт на едниот или двајцата родители, и без разлика на возраста на децата, и без разлика на тоа дали во моментот на смртта живееле во заедница со родителите, дури одело дотаму и да се признае ваква болка и на дете кое ќе се роди по смртта на таткото. Оние кои го одобрувале овој став од судската практика го објаснуваат на тој начин што сметаат дека без разлика на староста на детето, тоа во текот на својот живот ќе чувствува болка поради губиток на внимание и помошта од родител, морална поддршка и губиток на нежност, совети, како и отсуство на целосна родителска љубов. Во таа смисла е пресудата на Врховниот суд на Југославија Рев.бр. 1356/65 од 02.11.1964 год, објавена во Билтен на Врховен суд на СРМ ГЖ.БР.606/72 ОД 18.12.1972 год. (објавена во Збирка на судски одлуки Книга 1 Скопје од 1976 год. Стр.324), каде е нагласено „синовите на загинатиот татко имаат право на надомест на неимотна штета за претрпена болка, независно од тоа дали живееле во исто домаќинство со таткото во моментот на неговата смрт. Фактот на заеднички живот живот може да има влијание само врз висината на надоместот за претрпена болка“.

Дел од судската практика сметала дека право на надомест имале само оние деца, кои поради смрт на родител имаат претрпена душевна болка и биле во состојба да го сфатат значењето на губитокот на едниот или двајцата родители (Пресуда на Врховниот суд на Југославија Рев. бр. 1387/64 од 16.11.1964 година, објавена во Билтен на Врховен суд на Југославија од 1964 год. бр.13 стр.12).

Кога се донесе ЗОО (Сл. Лист на СФРЈ бр. 20/78) оваа дилема е решена и во член 201 став 1 е предвидено дека: „Во случај на смрт на некое лице судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители), справедлив надомест за нивните душевни болки, кој важеше во Репубика Македонија до 13.01.2001 год, кога стапи во сила Законот за облигационите односи (Сл. Весник на РМ БР.18/01) од кој закон чл.190 ст.1 идентичен со чл. 201 ст.1 од ЗОО“.

Со овај закон строго се определени лицата кои имаат право на надомест на нематеријална штета за претрпена душевна болка во случај на смрт на близок, а тоа се само: брачниот другар, децата и родителите. Законската одредба не прави разлика во однос на годините на возраст на кој било од овие лица, не бара да биде исполнет никаков услов да живееле заедно или било што друго. Од истата законска одредба произлегува дека овој круг на лица имаат право на надомест на овој вид на штета со самиот факт што спаѓаат во овој круг на лица. Законодавецот го претпоставува трпењето на душевната болка кај овој круг на лица во случај на смрт на близок, која го оправдува досудувањето на надоместот на штета. (Пресуда на Врховен суд на РМ Рев. бр.139/97 од 08.07.1997 година, објавена во Збирка на судски одлуки Книга VII Скопје ст.91), каде се споменува *„…и децата на возраст помали од 6 години во случај на смрт на родител, доживуваат тешки психички трауми низ погонски инстиктивен механизам и емоции што ќе ги следат*

во нивниот натамошен развој, заради што им припаѓа надомесст на нематеријална штета за претрпени душевни болки“.

Право на парична сатисфакција за претрпени душевни болки поради особено тежок инвалидитет на определено лице, повторно имаат овој круг на блиски особи, но треба да станува збор не за „тежок инвалидитет“, туку законот се определува за терминот „особено тежок инвалидитет“. Надомест на нематеријална штета за смрт на особено блиска особа, може да се досуди и на браќата и на сестрите, ако се има предвид дека помеѓу нив и умрениот постоела трајна заедница на живот. Овде спаѓа и вонбрачниот другар, доколку вонбрачната заедница траела во временски период што го определуваат други прописи. [23]

Кај нашиот законодавец, за разлика од брачниот другар, родителите и децата, кај браќата и сестрите правото на надомест за претрпена душевна болка го условил со постоењето на потрајна животна средина. Тоа во случајот би значело дека браќата и сестрите ќе имаат право на овој вид на штета само ако во моментот на смртта живееле во една иста семејна и економска заедница. Кога братот и сестрата живееле во исто семејство со покојниот брат или сестра, во денешната судска практика се мисли дека постои потрајна животна заедница ако тие не биле оженети, односно мажени (бидејќи со мажењето, односно женењето се раскинува врската со братот и сестрата), имајќи предвид дека кај нас се мисли на заедница на живеење, постари родители и деца.

Тука треба да се спомне дека очувот има право на надомест на штета за душевна емотивна поврзаност и материјална упатеност еден на друг, сето тоа ценето во склоп на другите воспоставени односи во заедницата на живот.

Од судската пракса можеме да ги одвоиме случаите од Македонското правосудство со Решение на Врховниот суд на Република Македонија Рев. бр. 274/93 од 08.04.1993 година, каде што дедото и бабата на покојниот малолетник имаат право на надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки, бидејќи истите со малолетниот живееле во иста семејна и економска заедница (тие го чувале, одгледувале и воспитувале, поради што биле емотивно поврзани со многу јаки емотивни чувства).

Пресуда на Апелционен суд Штип Гж.бр.2932/05 од 13.01.2006 година, во случајот тужителите како баба и дедо на покојниот малолетник имаат право на надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки, бидејќи со покојниот малолетник живееле во семејна и економска заедница, се грижеле за истиот како родители.

Исто така, во Пресуда на Основниот суд Струмица П.бр.351/2004 11.02.2015 година, тужителите како дедо и баба на покојниот малолетник немаат право на надомест на штета за претрпените душевни болки, и покрај тоа што со истиот живееле во семејна и економска заедница, се грижеле за него како родители, бидејќи истите не спаѓаат во кругот на лицата предвидени во чл.189 ст.1 од ЗОО, коишто имаат право на ваков надомест.

Во Светот, па и кај нас, се дава можност на судовите да го зголемат бројот на лицата на кои ќе им се досудува ваков надоместок, што не е битна интенцијата на законодавецот и кое нешто не е во духот на овој вид на надомест на нематеријалната штета. Во нашата пракса редовно се случува со помош на сведители и вешти лица да се докажува дека дедото и бабата, па и други сродници, живееле во економска и семејна

заедница со внуците и дека поради смртта на некои од нив, живиот трпи душевни болки од јак интензитет, кои болки го оправдуваат паричниот надоместок.

Од друга страна, нашето законодавство за поделената одговорност - намалувањето на надоместот на штетата сразмерно со придонесот на оштетениот за настанувањето на истата, според член 181 од ЗОО, оштетениот кој придонел штетата да настане или да биде поголема отколку би била инаку, има право само на сразмерно намален надомест. Кога е невозможно да се утврди кој дел од штетата произлегува од дејствието на оштетениот, судот ќе досуди надомест, водејќи сметка за околностите на случајот. Произлегува дека постои поделено поднесување - надоместување на последиците кога штетата што ќе настане со придонес на оштетениот, помеѓу оштетениот и одговорното лице за надоместување на штетата. Всушност, одговорноста на лицето за надоместување на штетата се смалува за придонесот што го има самиот оштетен за настанувањето на штетата. Тоа се зема предвид, без оглед каков е неговиот субјективен однос спрема причинувањето на штетата, а тоа значи дека судот при одлучувањето за поделената одговорност не води сметка за субјективниот однос на оштетениот, според дејствието со кое тој придонел за настанувањето на штетата, ниту пак тоа го зема предвид како мерило за утврдување на износот при сразмерното намалување на надомест на штетата. При поделената одговорност како мерило се зема процентот, односно мерата на учеството на оштетениот во настанувањето на штетата и за тој процент се намалува висината на штетата, што треба да ја надомести одговорното лице. Според нашиот законик за определување на надоместот од нематеријалната штета од член 189 од ЗОО, во Република Македонија нема дилеми околу примената на институтот на поделена одговорност и при надоместот на штета, како и во член 190 од ЗОО, каде надоместот се врши на трето лице, а

не на оштетениот, бидејќи и одредбата од член 194 од ЗОО во таа смисла не се прави разлика дали како оштетено лице е самото лице кое е оштетено, или пак ќе се појават како посредно оштетени неговите блиски роднини.

Од судската пракса издвојуваме неколку пресуди.

П4-199/13 1 ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како првостепен со судијата С. И. како претседател на Совет во правната работа на тужителот Н.П. од Крушево, преку полн. адв. И. С. против тужената Љ. Д. од Битола, ... основ надомест на нематеријална штета, вредност 30.000,00 ден. По одржаното рочиште во присуство на полн. адв. С. О. З., а во отсуство на тужената, уредно поканета, на ден 06.12.2013 година донесе РЕШЕНИЕ. Постапката по тужбата на тужителот Н. П. од Крушево, против тужената Љ. Д. од Битола, основ надомест на нематеријална штета, вредност 30.000,00 ден. Постапката да продолжи според Законот за граѓанска одговорност.

РО-246/12 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА во совет составен од судијата К. Ј., како претседател на Советот и судиите поротници М. Р. и О. И. како членови на советот, постапувајќи во правната работа по тужбата на тужителот Т. А. од Битола, против туженият АД „ЕЛЕМ“ Скопје, Подружница „РЕК“ Битола, застапуван од полн. К. М. дипл.правник со положен правосуден испит, вработен кај туженият. Основ за надомест на материјална и нематеријална штета, вредност на спорот 120.000.00 денари, по одржаната усна, јавна и главна расправа во присуство на тужителот и полн. на туженият на ден 21.12.2012 год. ја донесе на ден 28.12.2012 год.

МАЛВП-73/2012 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА како првостепен процесен, со судијата С. И, како судија поединец, решавајки по тужбата на тужителот В. А. од Битола, против туженият А. А. од Битола, основ нематеријална штета. По одржаната усна, јавна и главна расправа, во присуство на тужителот и адвокат С. Т. од Битола и полномошникот на туженият адокат П. П. од Битола, на ден 17.04.2012 година донесе ПРЕСУДА ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА тужбеното барање. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият А. А. од Битола да ѝ исплати на тужителката В. А. од Битола надоместок на име физичка болка износ од 7000,00 денари, а за претрепен страв износ од 20.000,00 ден.

МАЛВ-453/2010 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА како првостепен процесен, со судијата В. Р., како судија поединец, по тужбата на тужителот В. Д. од Битола, ул. Народни Херои бр.5, застапуван од полн. адв. З. С, против туженият К. Т. од Битола со непозната адреса, застапуван од привремениот застапник адв. П. Р. Основ - исполнување на спогодба, вредност 37.000,00 ден. По одржаната усна, јавна и главна расправа на 22.10.2010 год. во присуство на тужителот и полн. адв. З. С, за туженият привремениот застапник адв. П. Р., ја донесе следната ПРЕСУДА Тужбеното барање СЕ УСВОЈУВА. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият К. Т. да ја исполни спогодбата.

МАЛВ-27/2011 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА како првостепен процесен, со судијата С. К., како судија поединец, решавајки по правната работа на тужителот М. Т. од Битола, застапуван преку

полн. адв. Р. А. од Битола, против тужениот З. П. од Битола, застапуван преку полн. адв. В. Д. од Битола. Основ надомест на штета, вредност 100.000,00 денари и правната работа на противтужителот З. П., против противтужениот М. Т., основ надомест на штета, вредност 300.000,00 денари. По одржаната усна, јавна и главна расправа во присуство на странките и нивните полномошници од 10.12.2012 година на 14.12.2012 година ја донесе и објави следнава: ПРЕСУДА... СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот З. П. да му плати на тужителот како следува:

1.Нематеријална штета по основ претрпен страв во износ од 8.000,оо денари и по основ претрпена болка во износ од 10.000,оо денари или вкупно 18.000,оо денари со законска казнена камата, сметано од 10.12.2012 година до исплатата во висина на референтната ставка на Народната Банка на РМ, што важела на последниот ден на полугодието, што му предходело на тековното полугодие, зголемено за 8 процентни поени;

2. Материјална штета во износ од 4.510,оо денари со законска казнена камата сметано од 17.1.2011 година до исплатата во висина на референтната ставка на Народната Банка на РМ, што важела на последниот ден на полугодието, што му предходело на тековното полугодие, зголемено за 8 процентни поени;

3. Процесни трошоци во износ од 8.500,оо денари, во рок од 8 дена по правосилноста на оваа пресуда. Од поголемото тужбено барање со кое тужителот бараше да се задолжи тужениот да му плати, следува:

- за основот *претрпена болка* уште 30.000,оо денари со бараната камата;

-за основот *претрпен страв* уште 32.000,оо денари со бараната камата;

- на износ од 18.000,оо денари законска казнена камата сметано од 17.1.2011 година до 10.12.2012 година;

- по основ процесни трошкови уште сума од 26.056,оо денари СЕ ОДБИВА.

МАЛВП-928/2011 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како првостепен, со судијата С. Д., како судија поединец, во правната работа на тужителите З. Л. и В. Л. од Битола, застапувани од полномошникот адв. З. Б. од Битола, против тужените А. Л. и Р. Л. од Битола, застапувани од полномошникот адв. В. Ѓ. од Битола, за надомест на материјална штета, вредност на спорот 25.410,оо денари, и по противтужбата на противтужителката Р. Л., против противтужените З. Л. и В. Л. од Битола, основ надомест на нематеријална штета, вредност 25.000,00 ден, по одржанта усна, јавна и главна расправа.

ТСЖ.бр.-2296/12 1 АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Ј. Н. претседател на Советот, Н. А. и А. Л. членови на советот, во правната работа на тужителот АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, против туженот „ЕВН – Македонија“ АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје „КЕЦ Куманово“, за издавање на привремена мерка, вредност на спорот 40.000,00 денари. Одлучувајќи по жалбата на туженот изјавена преку Адвокатско друштво Ч. и М. од Скопје, против решението на Основниот суд Куманово ТС.бр.62/12 од 03.08.2012 година, на нејавната седница одржана на 04.10.2012 година, го донесе следното: РЕШЕНИЕ - ЖАЛБАТА на туженот СЕ УВАЖУВА. РЕШЕНИЕТО на Основен суд Куманово.

ТСЖ.бр.-2295/12 1 АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Ј. Н. претседател на Советот, А. Л. и Н. А. членови на советот, во правната работа на предлагачот ДПТУ „КОЛДИ Горан“ ДООЕЛ експорт-импорт Куманово, против противникот „ЕВН – Македонија“ АД Скопје „КЕЦ Куманово“, за издавање на привремена мерка, вредност на спорот 40.000,00 денари. Одлучувајќи по жалбата на противникот изјавена преку Адвокатско друштво Ч. и М. од Скопје против решението на Основниот суд Куманово ВПП2.бр.54/2012 од 18.07.2012 година, на нејавната седница одржана на 04.10.2012 година, го донесе следното: РЕШЕНИЕ ЗА ЖАЛБАТА на противникот, СЕ УВАЖУВА. РЕШЕНИЕТО на Основен суд Куманово ВПП2.бр.54/2012 од 18.07.2012 година, СЕ УКИНУВА.

МАЛВП-17/2015 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА со судијата К. Ј. како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителката Ш. Ж. од Битола, против туженият И. Д. од Битола, основ надомест на штета, вредност на спорот 100.000.00 денари. По одржаната усна, јавна и главна расправа, во присуство на тужителката, полномошникот на тужителката адвокат В. Н, туженият, полномошникот на туженият адвокат М. Б, на ден 16.09.2015 год. ја донесе следната ПРЕСУДА - Тужбеното барање на тужителката ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият И. Д. од Битола да ѝ плати на тужителката Ш. Ж. од Битола по основ справедлив паричен надомест (туженият го сторил кривичното дело телесна повреда поради што му е изречена судска опомена и со тоа туженият има граѓанско правна одговорност и вина за настанатата штета кај тужителката поради нанесената телесна повреда на тужителката).

Нематеријалната штета од ваков вид главно се предизвикува со инкриминирани дејствија, кои согласно КЗ се и казниви, па затоа против сторителите на овие инкриминирани дејствија се поведува и спроведува кривична постапка, во која постапка се изведуваат докази и утврдуваат факти дали за настанувањето на инкриминирање на дејствие постои исклучиво вина на сторителот, или пак, придонес има и оштетениот. Со кривичната пресуда се утврдува дали кривично правниот настан е направен по исклучива вина на обвинетиот, или пак, се има предвид и при определувањето на видот и висината на кривичната санкција. Во овој случај се бара надомест на нематеријална штета, судот согласно со член.12 од ЗПП го прифаќа како утврден фактот во кривичната постапка доприносот на оштетениот за настанувањето на штетата.

Ако поради која било причина (смрт на сторителот на штетата и др.), не се води кривична постапка, во тој случај ќе треба во постапката при определување на надоместот на нематеријална штета да се утврди постоењето на поделената одговорност - да се устврди дали оштетениот има придонес за настанувањето на штетата. Во Република Македонија во Судската практика единствено во поглед н определувањето на височината на придонесот на оштетениот во настанувањето на штетата и висината ја определува, односно ја изразува во преоценти - %,.

4.1.Критериум и начин за утврдување на надоместот за нематеријална штета - душевна болка

Претходно укажавме дека душевната болка претставува присуство на разновидни реакции и растројства во сферата на душевниот живот на една индивидуа. Таа најчесто се појавува како очајување, душевно трпење, загриженост, чувство на помала вредност,

нерасположеност, повлекување во себе, губиток н интерес и слично. Во законската одредба кај нас, при утврдување на висината на нематеријалната штета воопшто, па и при утврдувањето на висината на надоместот за претрпена душевна болка, во случај на смрт и тежок инвалидитет на близок член на семејството, треба да се има предвид член 189, од ЗОО, каде што е предвидено: *„при одлучувањето за барањето на надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото право и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стермежите што не се спојливи со неговата природа...“*

Во оваа законска одредба произлегува дека основниот принцип за кој судот мора да води сметка при утврдувањето на надоместот на нематеријалната штета воопшто, па и за надоместокот за претрпената душевна болка во случај на смрт или тежок инвалидитет на близок член од семејството е тоа што сатисфакцијата (задоволството), која се дава на оштетениот во облик на паричен износ треба по својот обем да биде адекватна на обемот на штетата која оштетениот ја претрпел со повредата на некои од неговите нематеријални добра. Висината на паричниот износ на име надомест што досудува, треба да биде така утврдена да му го овозможи она задоволување на оштетениот кое ќе биде во состојба да му го компензира нематеријалното добро од кое е лишен, односно оној степен на задоволство и уживање кое би го имал ако таквото добро не го изгубил (потполно или делумно). Треба на оштетениот да му се досуди оној паричен износ со кој ќе му се надомести целокупнта штета, но не повеќе од тоа, и притоа да не се дозволи оштетениот неосновано да се збогати.

Исто така, судот треба да има предвид, при утврдувањето на висината на паричниот износ дека секоја личност на свој специфичен начин ја доживува својата

душевна болка, затоа што секоја личност поседува своја психичка структура, па затоа ќе треба да се проанализира емотивната врска на тужителот со умрениот, односно лицето што претрпело тежок инвалидитет, нивните вистински вербални и емоционални контакти. Ова е од особено значење затоа што во праксата има доста случаи каде тужителот бара надомест за претрпени болки за смрт на родител, а повеќе време живеат одвоено во земјата, па дури и во некоја прекуморска држава, и повеќе време пред смртта, или никако не контактирале помеѓу себе. Исто така, треба да се има предвид дека при утврдувањето на висината на паричниот износ за претрпени душевни болки на дете, во случај на смрт на родител, се зема предвид и возраста на детето - дали детето во моментот на смрт на родителот, во зависност од неговите години, ќе чувствува душевни болки поради смрт на родителот, или пак, тие болки ќе ги чувствува подоцна во текот на животот, поради губиток на родителското внимание, помошта, моралната поддршка, одгледување советување и сл.

Со наполнувањето на 18 години на детето, односно полнолетноста, тоа се осамостојува и поврзаноста со родителите се намалува. Кога ќе се утврди висината на паричниот надомест за претрпени душевни болки на родител во случај на смрт на дете треба да се има предвид возраста на родителите и детето, односно дали детето е малолетно или полнолетно, дали живееле во иста заедница или одвоено, во исто место, или пак, живееле далеку едни од други, во Република Македонија или надвор од неа.

Утврдувањето на висината на паричниот надомест, како надомест за претрпени душевни болки кај браќата и сестрите, ќе треба да се има предвид староста како на тужителот, така и на умрениот, потоа да се земе предвид дека некој од нив бил женет односно мажена, посебно треба да се цени каков бил нивниот заеднички однос.

Кога се утврдува висината на паричниот износ како надомест за особено тежок инвалидитет, ќе треба да се има пердвид и дали инвалидитетот е видлив (губење или оштетување на некој дел од телото што е видлив за средината, па и за оние лица коишто имаат право на надомест, кое нешто предизвикува поголеми душевни болки) или пак, се работи за инвалидитет којшто не е видлив (губење или оштетување на некој орган од телото што за средината и за оние лица што имаат право на надомест е невидлив). Кога се утврдува висината на паричниот износ за претрпени душевни болки кај вонбрачните другари, имајќи го предвид членот 13 од ЗБ ќе се применуваат истите правила како и кај брачните другари. Судската пракса до сега во Република Македонија е сиромашна во поглед на определувањето на надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки на вонбрачен другар поради смрт или тежок инвалидитет.

Кога се однесува на каматата пак, на досудениот износ при донесувањето на ЗОО во судската практика во поранешна СФРЈ не беше единствена, како во поглед на видот на каматата, така и во поглед на времето од кога ќе почне да тече на досудениот паричен износ на име надомест за претрпена нематеријална штета.

По донесувањето на ЗОО, сè до заземањето на начелниот став од страна на највисоките судови на поранешната СФРЈ, на седницата одржана во 1987 година, е наведено: „Затезната камата на предвидениот паричен надомест на нематеријалната штета тече од денот на досудувањето на правостепената пресуда, со која е определен надоместокот. При одлучувањето на висината на праведниот паричен надомест судот ќе го земе предвид и времето изминато од настапувањето на штетата до донесувањето на одлуката ако должината на чекањето на сатисфакцијата и другите околности околу случајот го оправдуваат тоа“. По распаѓањето на Југославија, со прогласувањето на

Македонија за самостојна држава, судската практика и во РМ продолжи да го почитува овај начелен став, по донесувањето на ЗОО.

Кога се зборува за одредувањето на нематеријалната штета, заедно со материјалната при сообраќајна незгода, денес во нашата судската пракса се дефинирани некои промени, иако секое општество во голема мера е заинтересирно за намалување на ризиците и причините кои доведуваат до сообраќајни незгоди, намалување на штетите, како главна задача за обезбедување поголема безбедност и помала загуба на човечки животи, за чија задача во секое едно општество тоа е грижа на стручни и професионални органи.

5.Нематеријална штета во сообраќајот

Зголемениот ризик од предизвикување штета при користење моторни возила во сообраќајот го определи законодавецот кој ги регулира правилата за надомест на штета во оваа област на специфичен начин. Покрај фактот дека моторните возила, по својата правна природа, се опасни, така што по прашањето за одговорност на штетата се применува за штета предизвикана од нивната употреба, се зазема став за потребата од пропишување на императивните норми за задолжително осигурување од одговорност од повреда од трети лица, односно од одговорност за штета предизвикана од моторни возила на трети лица во врска со нивната употреба. Затоа, за разлика од општите правила за штета, во областа на сообраќајот, покрај одговорното лице - штетник, постои и осигурителна компанија со која склучил договор за задолжително осигурување, за да може оштетениот да го насочи своето барање за штета директно на него или со тужба за штетникот. Ова практично значи дека дури и ако осигуреникот ги изгуби правата засновани врз склучениот договор за

осигурување (на пример, возел под дејство на алкохол), осигурителната компанија не може да укаже на оштетениот дека не е обврзан да ја надомести штетата предизвикана од таа прилика. Треба да се каже дека обврската на осигурителната компанија кон трето лице е ограничена со износот на осигурување, т.е. осигурената сума е валидна од денот на настанување на штетниот настан, освен ако не е договорена поголема сума.

Износ на осигурување или осигурената сума претставува максимална обврска на Друштвото за осигурување по еден штетен настан. Во случај предизвиканата штета да ја надмине оваа сума, оштетениот ќе мора да го искористи своето право на надомест за разликата во штетата директно од штетникот. Јасно е дека на овој начин се обезбедува заштита на оштетениот, кој може да ги наплати своите побарувања за штета директно од осигурителната компанија за осигурување, како и на корисниците и сопствениците на моторни возила, кои склучиле договор со осигурителната компанија.

Договорот за задолжително осигурување презема одговорност, т.е. покрива штета настаната во врска со употреба на моторно возило, под услов да не го изгубиле своето право според договорот по нивна вина (car-accident). Произлегува потреба за брзо и ефикасно правно регулирање на последиците и односите што произлегуваат од сообраќајната незгода, бидејќи сообраќајните незгоди во современиот свет станаа секојдневие.

Постои овластување за оштетниот да бара да му биде надоместена штетата и обврска штетникот да ја надомести таа штета, а штетата како последица на штетното дејтвие го погодува имотот или личноста на оштетениот. Врз што се одразува неповолниот резултат на штетното дејствие на штетникот, дали тоа ќе биде врз имотните

права и правно заштитените имотни интереси, или врз личните права на оштетениот, предвидени се материјална и нематеријална штета.

Штета што се појавува како неповолен резултат врз имотните права и правно заштитените имотни интереси (на пример: кршење на фарови на автомобилот, кршење на предна шофершајбна, смачкана предница и сл.), се нарекува материјална штета. Нематеријалната штета пак, претставува неповолниот резултат на штетното дејствие што се одразува на личните добродетели на оштетениот (на пример: физички болки, намалување на животната активност, нагрденост, смрт на блиско лице и сл.). Се поставува прашањето: „Кој ќе биде одговорен за настанатата штета, односно кој ќе ги сноси последиците во случај на сообрајќајна незгода?“.

Во ЗОО, (Сл. весник на Р.Македонија бр. бр.18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09) постојат општи одредби кои посочуваат врз кого паѓа одговорноста во ваков вид на облигационен однос настанат со причинување на штета. Во член 164 став 1 наведено е дека доколку несреќата е предизвикана со моторно возило во движење, што е причинета со исклучива вина на еден имател на моторно возило, се применуваат правилата за одговорност врз основа на вина, каде според ЗОО член 145, вина постои кога штетникот причинил штета намерно или од невнимание. Постои обострана вина, така што секој од имателите ќе одговара за вкупната штета што тие ја претрпеле, сразмерно со степенот на својата вина. Може да се случи да нема вина кај ниту еден, тогаш имателите ќе одговараат еднакво, а за штетата што ќе ја нанесат на трети лица од сообраќајката, ќе одговараат солидарно, без оглед на својата вина.

Во Република Македонија постои Закон за задолжително осигурање во сообрајќај (Сл. весник на Р.Македонија бр. 88/05, 71/06, 81/08 и 47/11), кој им наложува обврска на имателите на моторни возила пред да го пуштат возилото во сообраќај, задолжително да го осигураат во случај на незгоди. Според овој наш законик, се определува кој ќе биде одговорен во случај на сообрајќајна незгода, но како што знаеме, лицето кое е фактички штетник не мора секогаш да се поклопува со лицето кое е правниот штетник, односно доколку имателот на моторното возило го има осигурано возилото од штета во сообраќајна незгода, оној којшто има обврска да ја надомести штетата е осигурителното друштво.

За одговорноста за штети имателите на моторни возила склучуваат договор за осигурување од автомобилска одговорност, односно од тоа што со употреба на моторното возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети, освен од одговорност за штети за предметите што ги примил на превоз. Сите лица кои се наоѓаат во другите возила кои учествувале во несреќата, како и пешаците, имаат право за надомест на штета, како и сите лица кои се наоѓаат во возилото кое ја предизвикало незгодата.

Во нашето право надомест на штета не му следува на лицето кое управувало со моторното возилото, со чија употреба е предизвикана незгодата; сосопственикот, договорувачот на осигурувањето и секој друг корисник на возилото кој во моментот на настанување на незгодата не управувал со моторното возило, со чија употреба е предизвикана незгодата, но само за износот на штета поради уништување или оштетување на предмети; лицето кое на нелегален начин присвоило моторно возило, како и соучесникот во нелегално присвојување на моторно возило, со чија употреба е

предизвикана незгодата, без разлика дали истото управувало со моторното возило во моментот на настанување на незгодата и лицата кои штетата ја претрпеле како резултат на тоа кога се употребува моторно возило во спортски приредби, за кои е добиена официјална согласност и на кои е потребно да се постигне максимална брзина и согласно Кривичниот закон, употреба на моторното возило во терористички акт или воени операции.

Ако се случи штетата да ја има предизвикано неосигурано возило, оштетеното лице барањето за надомест на штета треба да го поднесе до своето Друштво за осигурување (значи во Друштво за осигурување каде оштетениот има склучено договор - полиса за осигурување од автомобилска одговорност), а ако пак штетата ја има предизвикано непознато возило, оштетеното лице барањето треба да го поднесе во едно од Друштвата за осигурување, кои имаат лиценца за осигурување од автомобилска одговорност. Во секој случај, Друштвото за осигурување и во двата случаи во рок од 8 дена ја поднесува пријавата на штета во Гарантниот фонд на Националното биро за осигурување, од каде ќе се рефундира исплатениот надомест за штета.

Кога пак во сообраќајната незгода учествува и возило со странска регистрација (и под претпоставка истото да е одговорно за незгодата), пријавата на штета се поднесува до Националното биро за осигурување или директно до друштвата – членки на Бирото (притоа мора да се води сметка за колизија на интереси, но и за склучени кореспондентски договори). Ако со моторното возило се патува во странство, неопходна е меѓународна зелена карта, која ја издава Националното Биро за осигурување, како доказ дека постои осигурување од автоодговорност и со неа се заштитува имателот од евентуални материјални и нематеријални штети кои може да ги предизвика на трети лица во

сообраќајна незгода при престој во некоја од земјите членки на системот на зелената карта.

Кога станува збор за штети во форма на идни ануитети, експертизата се капитализира и добиениот капитализиран износ на идните ануитети се зема предвид при утврдување на износот штети до осигурената сума.

Со последните промени од ЗОО во судската пракса, во врска со обврската на осигурителната компанија да ја надомести штетата на жртвата од сообраќајот, и висината на штетата заземени се следниве позиции:

1) Обврска на осигурителната компанија - врз основа на договорот за осигурување на корисникот, односно сопственикот на моторното возило се според договорената осигурена сума.

2) Ограничување на одговорност на компанијата за осигурување ќе се утврди според вкупната штета во еден штетен настан, без оглед на бројот на повредени лица. Висината на штетата, според која се утврдува обемот на одговорност, Осигурителната компанија ја пресметува со земање на парична штета во износ и се утврдува непарична материјална штета и нематеријална штета според цените, односно критериумите во моментот на штетниот настан.

Штета што се надоместува во странска валута, се пресметува по девизниот курс на денот на несаканиот настан. Доколку износот на штетата, што е така утврден, не го надминува износот на осигурената сума, Осигурителната компанија е должна целосно да ја надомести штетата, според цените, односно критериумите за време на донесувањето на судската одлука. Ако висината на штетата, утврдена на начинот наведен во претходниот

став, е повисока од осигуреният износ, осигурителната заедница е должна да надомести дел од штетата според процентот на осигурената сума и таквиот утврден износ на штета.

3) Затезна камата и парнични трошоци се доделуваат без оглед на ограничувањето на осигурувањето.

4) Кога во парницата на барање на повеќе оштетени страни од истиот штетен настан утврди дека вкупната штета ја надминува осигурената сума, судот ќе додели на секој од тужителите пропорционален дел од надоместокот, така што збирот на судениот износот не го надминува ограничувањето на обврската на осигурителната компанија.

Овај став остана во сила, бидејќи *„обврската за осигурување врз основа на договор на осигурување на корисникот, односно сопственикот на моторното возило од одговорност за штета предизвикана на трети лица, се проценува според осигурената сума“*. Меѓутоа, кога станува збор за барањето на оштетената страна за промена на претходно доделен ануитет поради променети околности, веќе не е можно да се дискутира за лимитот на осигурување, односно дали лимитот е исцрпен со извршените плаќања, бидејќи се зема само состојбата на покриеност на лимитот за време на првите пресуди.

Врз основа на овие факти, бидејќи штетата е утврдена на денот на нејзиното создавање и била во границите на лимитот, судовите слободно можат да досудат надомест на штета во врска со осигуреният настан во целиот износ, без оглед на висината на границата за време на пресудата. Барањето за надомест на штета е застарено за три години од кога оштетениот дознал за штетата и за лицето кое ја направило штетата. Во секој случај, ова тврдење станува застарено пет години по настанатата штета, според нашиот ЗОО. Кога штетата е предизвикана со кривично дело, за кое е предвидено кривично

гонење на одговорното лице, тоа истекува кога истекува времето утврдено за застареноста на кривичното гонење.

I Врховен суд на Р. Македонија со решение ГЗЗ бр. 176/04 и РЕВ бр. 358/04 од 15.09.2004 ги укинал пресудите со кои на тужителите им е уважено тужбеното барање и предметот го вратил на повторно одлучување, поради тоа што од страна на двата суда погрешно било применето материјалното право, кога одличиле спротивно на член 60 ст.1 од Законот за осигурување, односно член 64 ст. 1 од истиот закон, каде е предвидено дека износите на кои мора да се договори осигурување од автомобилска одговорност не можат да бидат пониски од 50 000 евра за сите други возила, а додека според став 2 од истиот член, обврската на Друштвото за осигурување од автоодговорност не може да биде повисока од износите што се утврдени во став 1 на овој член, ако со договорот за осигурување не е договорен повисок износ.

Во ставот 4 од истиот член е предвидено дека ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надомест го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност, правата на оштетените лица спрема Друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

Двата суда биле должни да утврдат со сигурност што е исплатено и кои фактори се од суштествено значење за правилна примена на одредбата од член 60, односно член 64 од Законот за осигурување, според кој обврската на туженият од автоодговорност не може да биде повисока од 50 000 евра.

II Апелациониот суд Скопје со Пресуда Гж бр. 2879/06 од 27.04.2006 ја потврдил првостепената Пресуда на тужбеното барање, со кое се бара надомест на штета од Друштвото за осигурување, и го одбил како неосновано.

Од судската практика од нашиот законик можат да се претстават бројни пресуди: МАЛВП-656/2011 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како граѓански првостепен, со судијата поединец Љ. С., постапувајќи по тужбата на тужителот Национална групација за осигурување АД „Осигурителна Полиса“ - Скопје, против туженият Д. Ц. од Битола, за регресен долг, вредност 73.721,оо денари. По одржаната усна, јавна и главна расправа, во присуство на полномошникот на тужителот Е. М. В, стручен соработник со заменичко полномошно од адв. В. С. од Битола, во отсуство на туженият уредно поканет, на ден 14.12.2011 година ја донесе следната: ПРЕСУДА поради неподнесување одговор на тужба СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият Д. Ц. од Битола.

П4-121/15 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како првостепен процесен, со судијата Љ. С. како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Р. Р. од Битола, застапуван од пол. адвокат м-р Е. П. од Битола, против туженият Друштво за осигурување „УНИКА“ АД Скопје, застапуван од полномошник адв. К. К. со заменично полномошно од адв. В. Д. од Скопје, надомест на штета, вредност 1.200.000,оо денари. По одржаната усна, јавна и главна расправа во присуство на полномошниците на странките, на ден 31.08.2015 година

ја донесе следната: ПРЕСУДА дека ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият Друштво за осигурување УНИКА АД Скопје.

МАЛВ-147/2011 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, како првостепен парничен суд преку судијата Р. С. судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителите Г. С, К. С. и мал. Ф. и С. С. преку законскиот застапник Г. С., сите од Битола, преку пол. адв. Б. Г. од Битола, против туженият Друштво за осигурување „Винер Виена Иншуренс груп“ од Скопје, преку пол. адв. М. Г. за надомест на штета, вредност 160.000,00 денари. По одржаното рочиште за главна, јавна и усна расправа, во присуство на полномошниците на странките, на ден 14.10.2011 година, ја донесе и објави следната: ПРЕСУДА. Тужбеното барање ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият.

П4-102/13 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како граѓански првостепен, со судијата С. Д, како судија поединец, решавајќи во правната работа на тужителите С. Л. од Битола, Љ. З. од Битола и М. Л. од Битола, застапувани од полном. адв. А. П. З. од Битола, против туженият „ТРИГЛАВ“ АД Осигурување Скопје, основ за надомест на штета, вредност 311.150,00 ден. По одржаната усна, јавна и главна расправа, во присуство на полномошникот на тужителите, а во отсуство на туженият, уредно поканет, на 25.09.2013 година ја донесе следната: ПРЕСУДА. ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият „ТРИГЛАВ“ АД за Осигурување Скопје.

МАЛВП-653/2011 1 ОСНОВЕН СУД БИТОЛА З А П И С Н И К од «17.11.2011» година ЗА УСНАТА ЈАВНА РАСПРАВА одржана пред Основен суд во град Битола Од судот присутни Тужител: М. Б. од Битола Судија Љ. С. Тужен: ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА. Судии поротници: од Скопје » 1. «» 2. Предмет: нематеријална штета. Записничар - Вредност: 90.000.00 денари, Е. К. По објавувањето на предметот на спорот во 2:30 часот, пристапија: 1.За тужителот: адв. Т. И.; 2. За туженият: полн. адв. м-р Е. П. полн. на тужителот со полн. на туженият се договорија да склучат судско порамнување. Судот донесе РЕШЕНИЕ Да се склучи судското порамнување СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ СЕ ЗАДОЛЖУВА тужената Осигурителна полиса АД.

П1. бр. 183/13 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ - ГРАЃАНСКИ СУД, како првостепен парничен суд преку судијата Н. Т. како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителот А. К. ул. Срећко Пужалка бр. 84 А од Скопје, против туженият Акционерско друштво „ЕВРОИНС“ Осигурување Скопје ул. Војвода Васил Аџиларски б.б. ТЦ Соравија Скопје, за надомест на штета, вредност: 110.000,00 денари. По одржаната главна јавна и усна расправа на ден 25.04.2013 година во присуство на тужителот со пол. адв. И. Н. и во присуство на пол. на туженият адв. И. Т. со заменичко полномошно од адвокат С. С., на ден 30.04.2013 година, ја донесе и ја објави.

МАЛВП. бр.1888/18 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ, како првостепен граѓански суд и тоа преку судијата Г. Ј, како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот С. О. од Скопје, бул.., против туженият Друштво за осигурување „НОВА ОСИГУРУВАЊЕ“ АД Скопје, бул....., за надомест на штета, вредност на спорот 120.000,00 денари, вон рочиште, на ден 29.10.2018 година, согласно чл.321 в.в. со чл.311 од ЗПП, ја донесе следнава: ПРЕСУДА - без одржување на расправа - Тужбеното барање на тужителот Суат Осман од Скопје, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА. СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият Друштво за осигурување „НОВА ОСИГУРУВАЊЕ“ АД Скопје, на тужителот С. О. од Скопје, на име нематеријална штета поради повреда.

П4-1058/15 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ - Граѓански суд, како првостепен парничен суд и тоа судијата А. Д. како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот Л. Ц. од С., ул...., застапуван од адвокат А. Х. од С., против туженият Друштво за осигурување „УНИКА“ АД С., Бул.... С., застапуван од адвокат В. Д. од С., за надомест на штета, вредност на спорот 488.587,00 денари. По одржаната главна, јавна и усна расправа на 20.12.2016 година во присуство на полномошникот на тужителот, адвокат А. Х. и полномошникот на туженият, Х. С. со заменичко полномошно од адвокат В. Д., на ден 29.12.2016 година ја донесе следната пресуда.

ТСЖ-832/19 1 ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА М. АПЕЛАЦИОНИОТ СУД С., во Совет составен од судиите: Е. Д., претседател на Советот, Р. Г. и Р. Р, членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот со предлог за издавање на привремена мерка на тужителот Акционерско друштво „ИНСА ИНДУСТРИЈА ЗА САТИ“ З. - Б, против тужените Друштво за трговија, услуги и инженеринг „СПИК ИНСА“ ДООЕЛ увоз-извоз С. М. и К. С., за враќање на стекната корист, надомест на нематеријална штета од повреда на право на трговска марка и исплата на граѓанска казна, вредност на спорот 333.154.826,00 денари, одлучувајќи по жалбата на првотуженио изјавена преку полномошници Адвокатско друштво П. од Скопје и м-р М. П.

ГЖ.бр.-4899/10 1 АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Ј. Р, претседател на советот, К. Ј. и С. Б. - членови на Советот, во правната работа на доверителот Ј.М. од Скопје против должниците „КЈУБИ Македонија“ АД Скопје, „Стопанска Банка“ АД Скопје и Репубика Македонија, Агенција за катастар на недвижности, по предметот за определување привремена мерка, решавајќи по жалбата на доверителот изјавена преку полномошникот В. Н. - адвокат од Скопје против решението на Основен суд Скопје II - Скопје Р.врм.-145/10 од 20.09.2010 година, на нејавната седница на советот одржана на 11.11.2010 година, го донесе следното РЕШЕНИЕ ЖАЛБАТА на доверителот Ј.М. - Жалбата е неоснована.

6.Застареност на правото кај нематеријална штета

Застареноста е правен нститут, кој има свои историски развиток, и во прво време, како граѓански правен институт, беше регулиран во посебен Закон за застареност на побарувањата, и тоа од 1953 година до 1978 година, кога стапи во сила ЗОО ОД 1978 година, во СФРЈ. Во ЗОО во РМ ОД 2001 година, ова прашање е регулирано со посебен оддел 4, под името – Застареност. Во поновите промени во 2020 година (пречистен текст), не се направени значајни промени. Тие одредби од ЗЗП немаат претрпени битни измени, во суштина сумирани во ЗОО, со тоа што е изменето името, па од застареност на побарувањето премина само во застареност, што е соодветно на суштината на институтот застареност.

Застареноста како правен институт е познат во сите гранки на правото, а посебно во облигационото, каде има најголемо значење. Застареноста се означува како губење на право со протек на време, но само на правото на заштита, или како што традиционално се вели, се губи правото на тужба во материјална смисла. Според тоа, застареноста не доведува до губење на самото право, односно до престанок на настанатиот – облигационо правен однос, какво стојалиште застапуваат одредени теоретичари, туку на заштитата на тоа право, првото какво такво останува, облигацијата не престанува, туку го губи својството на цивилна облигација и преоѓа во натурална, односно доброволна обврска.

Во член 349 од ЗОО, каде во ст.1 е наведено дека *со застареноста престанува правото да се бара присилно исполнување на обврската.*

Од содржината на одредбата од чл. 349 од ЗОО, произлегуваат и карактеритиките на застареноста:

- со застареноста престанува правото да се бара присилно исполнување на обврската;

- застареноста настапува кога ќе истече определеното време со закон;

- судот не може да ја земе предвид застареноста ако должникот не се повикал на неа.

Практично, застареноста како институт, вака дефиниран и со изнесените карактеристики, наоѓа целосна примена и кај обврската за надомест на нематеријална штета, која претставува правно заштитена обврска и која со протек на со закон определеното време, на приговор на штетникот, се претвора во незаштитена обврска, во натурална обврска, па заради тоа може да се каже дека настапила застареност на правото да се бара присилно исполнување на обврската за надомест на нематеријална штета.

Заради ублажување на повреденото начело на совесност и чесност со примената на институтот застареност, законодавецот предвидел извесна коректура со одредбата од член 198 од ЗОО, каде е наведено дека по настапувањето на застареноста на правото да бара надомест на штета, оштетениот може да бара од одговорното лице, според правилата кои важат во случај на стекнување без основ, да му го отстапи она што го добил со дејствието со кое е причинета штетата.

Застареноста има свое значење за сигурноста во правниот промет, во кој факторот време има посебно место, во однос на настанувањето, траењето и престанувањето на правниот однос. Во таа смисла, потребно е тие односи во поглед на времето да бидат одредени или одредливи, за да може да се заклучи дали за некоја обврска може да се бара исполнување или кога не може. Тоа се постигнува преку институтот застареност, преку

кој се регулира правниот тек на прометот и сугурноста на субјектите во правниот промет, и заради тоа, преку застареноста, подеднакво се заштитуваат како општите, така и поединечните интереси.

Во нашето право и во науката владее стојалиштето дека заштитата на сите права не застарува, што не е случај со сите правни системи. Така кај нас, покрај другото, не застарува и заштитата на правото на сопственост. По правило застаруваат само имотно-правните побарувања од областа на општиот промет.

Застарува и правото на заштита на барањето по основ на штета, како на материјална, така и на нематеријална штета. Досега изнесените причини за оправданоста на застареноста се однесуваат и на нематеријалната штета, бидејќи и оштетените се носители на права и обврски, кои треба да ги реализираат во определени рокови, поради сигурноста на правниот промет.

Последиците од застареноста се присутни и кај нематеријалната штета, така што дискрециono право е и на штетникот дали ќе се користи со приговорот на застареност или ќе се откаже од застареноста, или пак, ќе ја признае застарената обврска за надомест на нематеријалната штета.

Во практичната примена на одредбата од член 365 од ЗОО, судечкиот судија ќе мора да го определува во секој конкретен случај моментот на започнување на течењето на застареноста, но се разбира само кога должникот се повикува на застареност.

За претрпени физички болки, согласно одредбите од член 189 од ЗОО, оштетениот има право на надомест за болките од јак и среден интензитет, а кои подолго траат. За моментот на почетокот на течењето на застареноста кај болката, преовладува

стојалиштето дека оштетениот за овој вид штета сознава во престанокот на болките, а најкасно кога е довршено лечењето.

Паричниот надомест за претрпениот страв се досудува само во случаите кога оштетениот претрпи страв со јак и среден интензитет, кој подолго траел и кој оставил одредени последици од потраен карактер.

Проблемот за одредувањето на моментот од кога започнува да тече рокот на застареност уште повеќе се проблематизира, кога се работи за намалена животна активност. Застареноста треба да започне да тече од денот кога лечењето било завршено. Во практиката, често како време за сознавање на овој вид штета се зема даденото мислење на инвалидската комисија, без оглед на тоа кога редовното лечење завршило.

Кај нагрденост, моментот од кога започнува да тече рокот на застареност треба да биде извесноста за тоа дека нагрденоста повеќе не може да се отстрани, ниту пак да се намали, па од тој момент оштетениот може да бара надомест на нематеријална штета по овој основ. Кога се однесува за исплата на каматата при застареност на правото кај нематеријална штета од член 266 од ЗОО, при постоење на децидна законска одредба и кај кој вид на штета, за моментот на втасаност на каматата, постои различна судска практика. Во член 358 од ЗОО *...со оглед на карактерот на каматата, да претставува споредно побарување, таа во сè ја следи судбината на главното побарување*....

Кога има случаи на барање само на пресметана камата, на надоместот на нематеријалната штета, како главно барање, моментот од кога започнува да тече рокот на застареност е ист како кога каматата се бара заедно со главното барање за надомест на

нематеријалната штета, а тоа е од завршетокот на лекувањето, односно од констатираната последна непроменлива здравствена состојба кај оштетениот.

Многу битен момент во Законот за Облигациони односи претставува членот 189 и член 181 - Висината на нематеријалната штета и сразмерен придонес.

Еден темелен пример од Судската пракса, објаснет и образложен во однос на висината на исплатата на нематеријална штета, како и сите пропратни околности околу случајот.

Основниот суд го усвоил тужбеното барање на тужителот (оштетениот) во целост. Го намалил само за 30% сразмерно на придонесот на оштетениот. Второстепениот суд по жалба на туженият ја преиначил првостепената пресуда поради погрешна примена на материјалното право во однос на висината на досудените нематеријални штети. Ги намалил досудените износи за надомест на нематеријална штета, досудувајќи справедлив паричен надомест.

Во името на граѓаните на Република Македонија, Основен суд во Штип како Првостепен суд, постапувајќи по тужбата на тужителот Н. А., против туженият „АДОР“ за надомест на штета, по одржана главна и јавна и усна расправа на ден 02.03.2016 год., ја донесе следната Пресуда - СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият „АДОР“ на тужителот Н. А. да му плати по основ на надомест на нематеријална штета, вкупен износ од 630.000.00, од кои за претрпени физички болки во износ од 175.000.00, за претрпен страв знос од 105.000.00 и за намалена животна активност износ од 350.000.00 денари, со затезна камата сметано од денот на пресудувањето, до конечната исплата, како и да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во износ од 38.800.00 ден, сè во рок од 15 дена по приемот на

пресудата. Пред овој суд тужителот Н. А. поднесе тужба против туженият „АДОР“, за надомест на штета.

Полномошникот на тужителот со писмен поднесок до овој суд го прецизира тужбеното барање и побара туженият на име нематеријална штета на тужителот да му исплати износ од 900.000.00 денари, од кои за претрпени физички болки износ од 250.000.00 денари, за претрпен страв износ од 500.000.00 денари со законска затезна камата од денот на пресудувањето до конечната исплата. На одржаната главна расправа во завршен збор, полномошникот на тужителот остана во целост на прецизираното тужбено барање, со тоа што се согласи на износот од 900.000.00 ден. да се пресмета придонес од 30% на оштетениот, притоа имајќи го предвид дополнението на вештачењето. Бара тужителот да биде ослободен од плаќање на судски такси, како и трошоци по приложен трошковник.

Со писмен поднесок, примено во судот, туженият го оспори тужбеното барање и по основ и по висина, истакнувајќи дека не постои кривична пресуда, со која би се утврдило постоењето на вина кај учесниците во сообраќајната несреќа. Во доказна постапка судот изврши увид во записник, во отпусна листа од Одделението за хирургија, во извештај на специјалистот, во лабораториски упат, во наод и мислење на вешто лице, во скица од увид, во наод и мислење од Диспанзерот за ментално здравје - Психијатриска болница Скопје, во дополнение на вештачење од вештото лице. Оценувајќи ги изведените докази заедно, во смисла на член 8 од ЗПП, Судот ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 17.03.2015 година се случила сообраќајната несреќа во која учесници биле ПМБ Фолсваген Пасат, кое било управувано од П. Т. и пешакот – тужителот Н. А. При

сообраќајна несреќа тужителот се здобил со тешка телесна повреда и тоа: нагмечување на мозокот, потрес на мозокот, скршеница на носните коски со посттрауматско крварење, нагмечување на меките ткива на главата и раздерно нагмечена рана на челото со гребаници по лицето и носот.

Како последица од задобиените тешки телесни повреди при настанатата сообраќајна несреќа тужителот Н. А. претрпел страв којшто се манифестирал како многу краток интензивен примарен страв, пред да западне во состојба на сомнителност (длабока поспаност) која траела 1-2 часа. После будењето, тој страв преминува во средно со силно интензивен секундарен страв од инвалидност и тој страв трае за целиот период на болничкото лекување и еден месец по повредувањето. Секундарниот страв, како таков е поврзан со потешкотиите од одложената посттрауматска енцефалопатија и е со среден интензитет до крајот на 6-от месец, а понатаму е присутен како страв од учество во сообраќајот, кој бил силен во текот на првиот месец, а со слаб до среден интензитет на крајот на 6-тиот месец.

Кога се однесувало до претрпената физичка болка, тужителот во периодот на сомнителноста, кој траел 1-2 часа, имал затапено чувство на болка, за да по освестувањето почне јасно да ги чувствува болките од задобиените повреди. Болката се манифестира како т.н. енцефалопатска болка, интензивна главоболка, која траела во текот на целото болничко лекување (две недели), за постепено да се редуцира на ниво на средно интензивна главоболка. Кај тужителот постои и намалена животна активност која е од тежок степен во текот на првите две недели (за време на болничкиот третман), од среден степен во наредните две недели сè до крајот на 6-от месец и од лесен степен во понатамошниот период, па сè до денес. На тужителот му е нарушено секојдневното

вообичаено функционирање, а присутно е и влошување на веќе постоечките болести - покачен крвен притисок и шеќерна болест.

Од вака утврдената фактичка состојба, судот донесе пресуда како во дипозитивот од следните причини - Согласно со член 141 ст. 1 од ЗОО тој што ќе му причини штета на друг е должен да ја надомести. Согласно член 189 ст. 1 од ЗОО за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост и слично, како и за страв, судот, ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надомастот на материјалната штета, како и во нејзиното отсуство.

Врз основа на наодот и мислењето на вештото лице, судот утврдува дека во времето на самото повредување на тужителот се јавил интензивен примарен страв, кој бил краткотраен поради запаѓање во состојба на длабока поспаност, кој после освестувањето преминува во силно до средно интензивен секундарен страв, кој трае и денес.

Поради ова, судот утврди дека туженият по основ на износ од 105.000.00 ден за кој судот оцени дека претставува справедлив надомест во однос на интензитетот и времетраењето на претрпениот страв, како последица од здобиените тешки телесни повреди. Во поглед на намалената животна активност, судот врз основа на вештачењето утврди дека кај тужителот истата постои во почетокот од тежок степен, во наредните две недели од среден степен, а до крајот на 6-от месец до денес од лесен степен.

Во однос на трошоците судот одлучи согласно со член 145 од ЗПП и го задолжи туженият на тужителот да му исплати износ од 38.000.00 денари, од кои за состав на

тужба со 30% паушал 3.900,00 денари, за застапување на пет расправи по 4.680,00 денари, по 23.400,00, за сообраќајно вештачење – 3.500,00 и за медицинско вештачење 8.000,00 денари.

7.ЗАКЛУЧОК

Сите страни на претставувањето и објективизацијата на надоместоците на нематеријалната штета, стават акцент на тоа дека секој човек различно и индивидуално реагира на болката, односно стравот од несреќата. Надоместок за нематеријална штета е задоволството што му се дава на повредено физичко лице за штетата што ја претрпел на некои од неговите нематеријални средства. Надоместокот се изразува во готовина, но има и непаричен надоместок за нематеријална штета.

Со одредбата од членот од Законот за облигационите односи го признава правото на правична компензација за нематеријална штета на жртвите: физичка болка, душевна болка како резултат на намалена животна активност, попреченост, нарушување на угледот или деловите, повреда на сексуалната слобода, смрт или тешка попреченост на блиско лице. За да се стекне право на нематеријална компензација за нематеријална штета, може да биде објавување на пресуда или исправка, но исто така и јавно извинување или јавно каење за нематеријална штета на одредено лице. Од нашата судската пракса може да се заклучи дека судот во секој случај го анализирал интензитетот на повредата на личните права, но и последиците што се производ на таа повреда, а може пресудата да се движи во друг правец и да се донесе одлука за порамнување. [15]

Ако настанела штетна последица од повредата, судот продолжил со кумулација на санкциите, каде покрај паричната форма, наредил и извршување на непаричната форма на надомест на нематеријална штета, со што се оствари основната цел на нематеријалната штета, воспоставување на психичка рамнотежа на оштетениот, како и отстранување на штетните последици кои настанале од страна на оној којшто ја нанел штетата.

Како финален заклучок, може да се каже дека се потребни постојани активности за промена на социјалната свест, за да се разбере неуставноста и незаконитоста на преземањето активности што ги кршат туѓите права на живот, телесниот интегритет, слободата или другите лични права. Во однос на тоа, потребно е да се постапува врз граѓаните, како и кон поединците кои ја претставуваат државната власт, со цел да се спречат одредени дејствија пред да има повреда на туѓите права и штети.

8.ЛИТЕРАТУРА

[1]Радишић Ј., **Облигационо право** – општи део, Београд, 2004

[2]Vućković M., **Obligaciono pravo**, Novi Sad, 1988 стр.183

[3]Maida Bećirović-Alić, Amela Ahmatović-Ljajić, **Naknada nematerijalne stete u teoriji i sudskoj praksi Republike Srbije**, Ekonomski izazovi, 2018, str. 140-152

[4]Martijn W. Hesselink, **The Principles of European Contract Law: Some Choices Made By The Lando Com,mission**, Global Jurist Frontiers, 2002, p.p.1535-1653.

[5]Viscusi, K. **"The Flawed Hedonic Damages Measure of Compensation for Wrongful Death and Personal Injury"** Journal of Forensic Economics, 2007, p.p.113-135

[6]W.V. Horton Rogers во **нематеријални штети во споредбена перспектива**, 2006, стр.246

[7] ttp://www.naic.org

[8]Радбрух Г, **Филозофија на право,** Скопје, 2008, стр. 167

[9]**Српскиот граѓански законик**, (Građanski zakonik kraljevine Srbije), 1844 година

[10] **Холандскиот граѓански законик**,чл.106, 1992

[11] Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки **„Convention on Contracts for the International Sale of Goods"** 1980

[12]**„United Nation Convention on Contracts for the International Sale of Goods",**art.74, 2006

[13] Marijke Malsch, **Compensation of Non-Material Damage in Civil and Criminal Law in the Netherlands,** *International Review of Victimology*, 2002

[14]**„Закон за облигациони односи “,** Сл.Весник на Р.Македонија бр. 84/08,чл.191,чл.192 и чл.192-а

[15] **“Закон облигациони односи”**, Сл. весник на Р. Македонија бр.18/ член. 1128 од 5.03.2001 год,

[16] Markesinis B, Coester M, Alpa G, Ullstein A, **Compensation for Personal Injury in English, German and Italian Law**, A Comparative Outline, Cambridge University Press, Cambridge, 2014, стр.82.-91.

[17] **Principles, Definitions and Model Rules of European Private Law**, Draft Common Frame of Reference (DCFR), Full Edition, Volume IV, Sellier.european law publishers, Munich, 2009, p. p.3167.

[18] http://civil.udg.es/tort/

[19]**Compensable damage: Damage requires material or immaterial harm to a legally protected interest,** http://civil.udg.edu/php/

[20]**Chapter 2, Legallv relevant damage, sec. I, VI:-2:101, Meaning of legally relevant damage.**

[21]**Според член 178** од Законот за облигациони односи, 2020

[22]**Законот за измени и дополненија на Законот за облигациони односи** (“Службен весник на РМ“број 84/08 од 11.07.2008 година)

[23] **Законот за семејството** (Службен весник на РМ бр.80/92....83/04) пречистен текст

[24] **Законот за облигациони односи** - (Сл. Лист на СФРЈ бр.29/78)

[25] **Законот за облигациони односи** - (Сл. Весник бр.18/01)

[26] Katri Annikki Havu, **Damages Liability for Non-material Harm in EU Case Law,** European law review, 2019, p.p.492-514

[27] O'Dell, Eoin, **Compensation for Breach of the General Data Protection Regulation**, Dublin University Law Journal, 2017, p.p. 97-164

[28] **Apelcionog suda u Beogradu**, Gž.3515/15 od 02.06, **2015**.

[29] **Ustavnog suda broj Iuz**-909, 2010

[30] M. Kalođera, O.C. str.21-35.

[31]Ćurković Marijan, **Peta EU – direktiva u obveznom osiguranju od građanske odgovornosti za štete od motornih vozila**, Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2005, str. 16-21.

[32]HLASTEC-RAJTERIĆ Maja, **Primjena IV Direktive o osiguranju motornih vozila u praksi**, Bilten HUO, Zagreb, 2011, str. 107-113.

[33]V. Anić, **Rječnik hrvatskog jezika**, Novi Liber, Zagreb, 2004, str.698.

[34]Sporazum o stabilizaciji i pridruživanju potpisan je 16.7.2008. između država članica Europske zajednice s jedne i Bosne i Hercegovine s druge strane

[35]Halid Kurtović **Uvođenje nekih novih obveza za osiguravajuća društva po osnovu obveznog osiguranja motornih vozila“,** Anali PF Zenica, br.7 god.4, 2012;str.165-176.

[36] Maida Bećirovic-Alić, Amela M Ljajić, **Compensation of non-material damage in theory and court practice in Republic of Serbia,** *Ekonomski Izazovi*, 2018, str. 140-152

[37]Molly E Shepard, **Personal Injury: Court proceedings and assessment of psychological damages,** *In book: In Law & Mental Health*: 2019

[38]Amanda Patricia Stickley, **H Luntz, Assessment of Damages for Personal Injury and Death (4th ed),** *Law Review***,** 2003

[39]Nahak, S. **The Liability of Criminal Law towards a Notary Official in the Crime of Embezzlement at the Denpasar District Cour,** *Jurnal Notariil.* 2020, 5 (2). p.p.107-117,

[40]Benedicta Riona Keiko, **Unveiling the Non-Material Aspects of Croatia's Accession to the European Union,** *EUPOL Final* Assignment, 2021

[41]European Commission, **"European Neighbourhood Policy and Enlargement Negotiations: Croatia"** 2017. [Online]. in https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/detailed-country-information/croatia_en [accessed 13 January 2021]

[42]European Union, 2020. **"Goals and Values of the EU"** [Online]. in https://europa.eu/european-union/about-eu/eu-in-brief_en [accessed 13 January 2021].

[43] Eugene P. Trager, **The Concept of a Non-Material Reality,** *Cross curense,* 2019

[44]Marijke Malsch, **Compensation of Non-Material Damage in Civil and Criminal Law in the Netherlands,** *International Review of Victimology*, 2002, p.p.31-42

[45] Carrière, R.M., Malsch, M., Vermunt, R., de Keijser, J.W. (1996). **An exploratory scenario study on the effects of material and immaterial damage on victim—offender negotiations.** *International Review of Victimology*, 5, p.p.221–234

[46] Robertson, G. **Crimes against humanity: The struggle for global justice**. *Penguin Books;* London, 2000